**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 август 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,22 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јован Манасијевски, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети, Џеват Адеми, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Теута Арифи, Есад Рахиќ, Благородна Цветковска, Никола Рилковски, Илинка Митрева, Данаил Дончев и Фијат Цаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собрнието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија и Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од Педесет и четвртата седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој има забелешки на записникот? (Нема)

Констатирам дека записникот од Педесет и четвртата седница на Собранието е усвоен без забелешки.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договор за Вториот Програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 2, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем за Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем за Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, со Предлог на закон;

9. Предлог на закон за високото образование;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон;

12. Предлог на закон за Советот на јавни обвинители на Република Македонија;

13. Предлог на закон за Јавното обвинителство;

14. Предлог на закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесувње на закон за социјална заштита и социјална сигурност;

17. Предлог за донесување на закон за условен пристап до заштитените електронски услуги и

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа, со Предлог на закон;

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

За збор се јави господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе, како што прашавте, имаме предлог за измена на редоследот на точките на дневниот ред. Имено, нашето барање кое ќе го образложиме е точките 12 и 13, значи Предлог на закон за Советот на јавни обвинители на Република Македонија и Предлог на закон за Јавното обвинителство да бидат точки 1 и 2, да се поместат напред. Ова го бараме од едноставна причина што овие се едни од неколкуте закони во сверата на реформата на правосудниот систем од кои се очекува што побрзо да бидат донесени.

Меѓутоа, поради неспособноста на Владата за што ја обвинува постојано опозицијата, овие закони сеуште не се донесени. Еве и можност на Владата и на оваа седница бидејќи ако го имаме во предвид распоредот на седниците во наредните денови, наредната недела, утре имаме пратенички прашања, во петок интерпелација за Вас. Значи, не верувам дека денеска ќе стигнеме до точките 12 и 13, односно и да стигнеме не верувам дека ќе можеме да ги завршиме. Затоа е подобро што порано денеска да почне дебатата. И навистина и Владата и мнозинството кое влијае на определувањето на текот на собраниските седници, а не опозицијата да покаже дека навистина и е до Европската унија и НАТО агендата. Ова директно зависи и од извештајот што треба да го добиеме за два месеци за напредокот и приближувањето кон Европската унија. Така што ова е наша приоритетна обврска и мислам дека ќе најдеме разбирање кај сите пратеници кога се работи за државни интереси да ги поместиме овие точки понапред и да ги изгласаме на време законите за да сите како држава имаме што подобар извештај кој следува за месец, два.

**Љубиша Георгиевски:** Вашата интервенција ќе ја земеме во предвид откако ќе се изгласа дневниот ред, затоа што е за измена внатре, а не е за друга измена во дневниот ред.

Госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги,

Пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз на 1 август оваа година достави до собраниските служби Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Морам да напоменам дека овој наш предлог доби широка поддршка од синдикатите, од голем број социјални здруженија, поддржани сме и од женското лоби во Собранието на Република Македонија, но и од огромен број граѓани кои не сакаат да бидат дискриминирани по било кој основ и бараат исти, или слични услови за остварување на своето право на пензија. Морам да напоменам исто така дека реформата на пензискиот систем е една од досега најуспешните реформи во Република Македонија и можеме слободно да констатираме дека успешно ги амортизираше последиците од транзицијата.

Господине Георгиевски, согласно член 65 од Деловникот, во моментот кога ја закажувавте оваа седница и го предложивте овој дневен ред грубо го прекршивте членот 65 од Деловникот на Собранието на Република Македонија каде што во став 2 предвидува во предлогот на дневниот ред требаше да ни ги доставите сите прашања што до денот на свикувањето на седницата сте ги добиле од страна на овластени предлагачи. За жал вие повторно не го сторивте тоа.

СДСМ смета дека е неопходно постојано следење на имплементацијата на пензиската реформа и превземање на соодветни мерки за спречување на негативните социјални последици врз граѓаните. Да потсетам дека минатиот собраниски состав по иницијатива исто така на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз го продолжи рокот за остварување на право на полна пензија по основ на работен стаж од 1 септември 2005 до 1 септември 2007 година.

Почитувани колеги, денес е 29 август, остануваат уште неполни два дена до крајниот рок но јасно е дека Владата на Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ не сака да го земе предвид овој реален проблем на граѓаните со ваша сесрдна помош почитуван господине претседател на Собранието на Република Македонија.

Владата најави дека нема намера да го продолжува рокот по 1 септември 2007 година но многу брзо и вешто најави и денес вие предлогот на Владата го ставивте на дневниот ред каде што се изменува и дополнува Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Господине Георгиевски, токму пред пет минути секој пратеник во Собранието на Република Македонија доби огромен материјал на реакции од страна на синдикални и пензиски здруженија во Република Македонија, со остри протести токму против владиниот предлог за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Тој е доказ повеќе дека предлогот што го добивте од страна на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз мораше да биде вклучен во денешниот дневен ред. Затоа предлагам да го ставите на гласање предлогот да се дополни дневниот ред и како прва точка на дневен ред согласно на многу тесните временски рокови да го разгледуваме Предлог законот за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување доставен од пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз. Социјал демократскиот сојуз поаѓајќи од принципот на социјална правда и солидарност како своја основна темелна определба, со овој Предлог закон бара продолжување на рокот за остварување на правото на пензија по основ на стаж за 3 години, поточно до 1 семтември 2010 година.

Ова значи дека со овој Предлог закон осигурениците со исполнет пензиски стаж од 35 години за жена и 40 години за маж, ќе можат да го исполнуваат своето право на старосна пензија без оглед на возраста најкасно до 1 септември 2010 година. Секако при предлагањето на ова законско решение ја имавме предвид социјалната положба на работниците во градежништвото, рударството, земјоделството, текстилната индустрија, стечајните работници, технолошкиот вишок итн. Со ова уште еднаш потврдуваме дека основна наша заложба како Социјал демократска партија е праведна социјална политика која настојува реално да ги спречи негативните последици врз социјалната положба водејќи сметка за правото на сопствен избор на секој граѓанин на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ако завршивте госпоѓо Бендевска, прво да ви кажам дека ние се обидуваме да се придржуваме на онаа агенда договорена веќе на координациите предност да имаат овие ратификации, заеми, итн, а после тоа европските закони. Но, еве во нашата приоритетна листа прво да ви кажам дека тој закон е планиран за следната седница да влезе на дневен ред. Но ваше право е сега ако сакате да го поставиме на гласање. За следната седница кај нас е планиран. Тука пишува вака: најрано да се постават рокови за ставање на дневен ред. Во нашиот роковник пишува: најрано 18 август, а август беше месец на одмори и најдоцна до 2 септември. Тоа е нашиот роковник. Значи, по тој роковник на следната седница тоа ќе влезе нормално на дневен ред, нема зошто да не влезе. Сега ако вие инсистирате сега да влезе на дневен ред, да го ставам на гласање. Како ќе се одлучите?

**Весна Бендевска:** Значи, согласно член 64, вие сте господине Георгиевски должен нашиот предлог да го ставите како точка на дневен ред на првата седница, а тоа е токму оваа без гласање.

Јас барам поддршка од пратениците од владеачкото мнозинство. Со оглед на тоа што сега пред нас имаме навистина реакции од голем број граѓани и здруженија на Република Македонија. Ве молам, да го почитувате Деловникот на Собранието на Република Македонија и ве молам да гласаме овој Предлог да биде прва точка на денешниот дневен ред, со оглед на тоа што денес сме 29 август, а измената која ја предлагаме се однесува до 1 септември 2007 година. Тоа се неполни два дена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви реков дека тоа ќе биде ставено на првата седница и ќе биде ставено на првата седница. Зошто?

Претходно има многу други закони кои чекаат ред и треба да сте праведливи спрема другите предлози, кои исто така се од опозицијата.

(Пратеникот Јани Макрадули реагира од место велејќи: имавме предлог за дополнување на дневниот ред). Да.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 74 пратеници за гласале 27, воздржан 1, и 46 против.

Според тоа за оваа седница предлогот не е прифатен, но на следната седница ќе биде. Сигурно е на нашата агенда.

Понатаму, процедурално бара збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Врз основа на член 66 со Деловникот на Собранието на Република Македонија имам два предлога за дополнување на дневниот ред за денешната седница.

Првиот предлог е да се достави информација од Министерството за образование околу состојбата со училишната зграда во село Оризари Велешко, непосредно пред почетокот на училишната година.

Знаеме дека таму веќе е започната изградба на нова училишна зграда. Министерот за образование Сулеман Рушити минатата година, исто така пред почетокот на школската година вети дека за оваа година училишната зграда ќе биде изградена и ќе биде готова, но за жал ветувањата останаа без реализација, односно немаше никакви активности при изградбата на училишната зграда.

Оваа година дојде државниот секретар во Министерството за образование истото им го вети дека до година ќе биде готова училишната зграда, а во меѓувреме постојната училишна зграда во која што децата треба да започнат да учат и да се одвива наставата по ни еден основ не ги исполнува условите за одвивање на наставата, ниту санитарно-хигиенски, ниту градежно безбедносни, ниту технички услови за одвивање настава во оваа зграда.

Беше донесен заклучок дека треба да дојдат инжињери да испитаат дали објектот е стабилен и сигурен за одвивање на наставата. За жал тоа сеуште не е реализирано, а остануваат неколку дена до почетокот на школската година.

Во Република Македонија вакви проблеми има со повеќе училиша, но јас барам да се достави информација од Министерството за образование точно за ова училиште, бидејќи има најави дека родителите нема да ги пуштаат своите деца на настава до колку не се обезбедат минимални услови за одвивање на наставата.

Вториот предлог за изменување и дополнување на днвниот ред е тоа што исто така барам информација од Министерството за транспорт и врски околу активностите за доизградба на становите за млади брачни парови во Велес.

Знаеме дека имаше една состојба во која што корисниците на становите беа на некој начин доведени во заблуда, излажани и мораа насилно да влезат во зградите и по договорот кој што беше.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Марјанчо Николов:** Ама имам втор предлог, ако моеже.

**Љубиша Георгиевски:** Ајде, ајде, повелете, повелете.

**Марјанчо Николов:** Значи, им беше ветено на оние кои што ги добиле становите дека до 20 август ќе бидат оспособени за да во нив се живее. Денеска сме 29 август, таму сеуште луѓето не се влезени во становите, а и нема најави дека ќе им се дозволи потпишување на анекс договри околу тоа кога и како и на кој начин ќе се вселат во становите. Барам информација околу овие состојби.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Говоревте по две теми.

(Реакција на некои пратеници од место).

Господине Николов, говоревте по две теми. Јасни се темите, но не е јасно до крај вашето барање. Барате информација, имате два предлога за измена на дневниот ред.

**Марјанчо Николов:** Да, барам информација, една од Министерството за образование, другата од транспорт и врски.

**Љубиша Георгиевски:** Во тој случај ако барате информација, утре имаме пратенички прашања.

**Марјанчо Николов:** Претседателе, јас согласно Деловникот имам право да предложам измени и дополнување на дневниот ред. Логично е да ги ставите на дневен ред.

(И понатаму реакција на пратениците од место).

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам.

Јас јасно прашав, ако барате промена на дневен ред, формулирајте го предлогот, да го ставиме на гласање.

**Марјанчо Николов:** Јас побарав информација за состојбата со училишната зграда во село Горно Оризари, Велешко.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа не е предлог за измена на дневниот ред.

**Марјанчо Николов:** Како не е предлог-дополнување на дневниот ред со информација.

**Љубиша Георгиевски**: Добро, нека се знае.

Значи имаме предлог за изменување на дневниот ред, со дополнување со информација.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника. За гласале 25, воздржано 1 и против 46.

Според тоа предлогот не е прифатен.

Формулирајте го вашиот втор предлог.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Исто така барам информација за ...

(Реакција на пратениците од место).

Господине претседателе не знам зошто колегите довикуваат и што им е целата. Моите се чисто процедурални предлози.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, да не упаѓаме во збор.

**Марјанчо Николов:** Согласно Деловникот, значи информација за состојбата и постапката околу доделувањето на становите за млади брачни парови во однос на зградите кои што се градат во Велес.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника. За гласале 27, воздржано 2 и против 43.

Според тоа констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално за збор се јави господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Господине претседателе со оглед на тоа што го вклучивте времето, едното јавување ми е процедурално, а второто ми е во врска со дневниот ред и ве молам да не биде во исто време.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е исто така процедурално.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе имам две чисто деловнички прашања.

Денеска започнавме да работиме спорително на Деловникот, но во ред за тоа ќе расправаме во петок, а сега сакам да ви најавам.

Првата забелешка ми е процедурална, не е во врска со дневниот ред и за тоа барам три минути.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Слободан Најдовски:** И сето тоа согласно Деловникот.

Господине претседателе мојата прва процедурална забелешка е следната, и таа е поврзана со дневниот ред но со работата на Собранието и планирањето на седниците.

Пред десетина дена имавме изјава во медиумите од господинот Влатко Ѓорчев дека опозицијата блокира 70 проекти пристиганти од Владата во Собранието на Република Македонија.

Ве молам, за оваа најголема лага изречена во оваа година барам од вас да изготвите и на пратениците да им доставите список на тие 70 проекти кои што ги кочи опозицијата, бидејќи ни еден проект не е закочен од опозицијата, туку денеска имате 18 точки кои што вие сега ни ги предлагате, за 5-ти ни предлагате 15-16 точки и околу 20 други материјали кои што воопштоне ги ставате на дневен ред, што значи дека не е проблемот во опозицијата, туку претседателот на Собранието не ги ставил тие точки воопштона разгледување и затоа го барам тој список од вас да ни го доставите. Ако господинот Влатко Ѓорчев преку опозицијата сака да се пресметува со вас како претседател на Собранието за работата, како вие работите тоа е крајно некоректно да ја вовлекува во тоа опозицијата. За тоа ќе има можност во петок да зборува.

Затоа барам процедурално од вас заедно со овие денешните што се, 18 точки и сите останати кои што воопшто ги немате поставено на дневен ред, да ни доставите список  и да ни доставите список кои се тие 70 проекти кои што ги кочи опозицијата. Мислам дека еднаш мора во јавноста да се зборува она што е точно. Ако се два или три закони нека се кажат дека се тие два или три законски проекти, не може 70 проекти. Затоа барам од вас да кажете кои се тие 70 проекти кои што ги кочи опозицијата во овој Парламент.

Тоа е правата забелешка.

До колку дозволите сега за дневниот ред што имам, или пак ќе се изјасните по однос на првото.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ќе се изјаснам кратко.

Има закони кои што чекаат. Ние настојуваме да сме справедливи и фер како идат така да ги ставаме на дневен ред. Се разбира, вашето тврдење дека претседателот е крив за таа гужва не држи, затоа што јас би сакал да можам да измислам три четвртока во седмица и 7 петтока, за да завршиме работа. За тоа сте сите сведоци, брзам колку што може. Значи, не е тука работата.

За изјавата на Ѓорчев ќе се испита, ќе видиме што е и како е.

**Слободан Најдовски:** Го прифаќам вашето објаснување.

Значи, не е проблемот во опозицијата, туку проблемот е што точките воопшто не се стигнати на дневен ред во Собранието.

Ви благодарам на објаснувањето.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, не реков јас дека точките не се стигнати, туку јас реков дека е голема гужва за дневни редови. Има многу точки стигнати и како што гледате од закажаните веќе седници, како што ќе видите од следанта, скоро ќе бидеме исцрпени.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, јас се соглаусувам со вас и вие сте во право.

Има многу, многу закони кои што стојат во Собранието, но не се ставени како точки на дневен ред. Значи, не ги кочи опозицијата. Тоа сакам да го кажам и вие тоа го потврдувате.

**Љубиша Георгиевски:** Вие кажете што сакате јас ништоне потврдувам од тоа, не ме импутирајте.

**Слободан Најдовски:** Значи, некаде во некоја фијока стојат тие закони, а зошто не се до пратениците стигнати и не се ставени на дневен ред можеби ќе одговорите некогаш.

А сега во врска со дневниот ред.

Барам на оваа седница ...

(Реакција на пратениците од место).

Ве молам без дофрлување. Има времем ќе кажете.

(И понатаму реакција на пратениците).

Ќе продолжите ли вие да ја водите седницата...?

**Љубиша Георгиевски:** Процедуралните забелешки секогаш имаат предност.

Господинот Ѓорчев има процедурално, а после вие продолжете. Вие рековте два дела ќе имате. Не ви упаднав во збор.

(Реакција на пратениците од место),

Господинот Слободан рече дека првата забелешка му е процедурална, а втората не. Самиот така рече. Повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Значи, апсолутно имаме кочење од страна на опозицијата на голем број на процеси во ова Собрание, каде што постои политичка намера преку кочење во Собранието, бесцелни дискусии, одлагање на точките и паузи да имаме непроодно Собрание, следсвено неефикасна Влада, следствено не задоволни граѓани и на крајот политички бенефит кој што сакаат да го направат.

Јас би дал еден конкретен предлог на претходниот дискутант, а тоа е:

Она што не беше прифатено пред неколку дена, а тоа е следното: заедно да ги собереме пратеничките групи на сите политички партии во Собранието и со согласност на опозицијата, која што пред неколку дена ја немаше, да донесеме список на европски закони за кои што ќе се обврземе недвосмислено дека ќе ги донесеме до 30 септември. Ние имаме обврска од европската агенда, тоа се некаде околу 20-тина закони, плус она што е одреден број на проекти кои што ќе ги донесеме до 30 септември и кои што позитивно ќе влијаат во врска со извештајот што Европската комисија треба да го доенсе за Македонија.

Значи предлогот е конкретен, она што не го прифативте пред неколку дена ајде заедно сите политички партии во Собранието да донесеме список на закони кои што се однесуваат на европската агенда и тие закони да ги донесеме во ова Собрание, а вашата микрополитичка агенда која што не е суштествена за Македонија и која што не е важна за граѓаните затоа што се сведува на дневно политички ќарувања на еден или два часа, или поголема пауза да ги оставиме, има време за тоа и во ноември и во декември и во јануари. Тоагаш слободно терајте ги тие работи но во моментот Република Македонија навистина има позначајни приоритети. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Ѓорчев имате линекаков предлог.

**Влатко Ѓорчев:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

А сега повелете со вашиот втор дел господине Најдов.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев, го прифаќам вашиот предлог, но касните една година. Вратите ги записниците и стенографските белешки од Собранието, на шест седници мене ме надгласувавте кога тоа ви го предлагав. Тоа ќе ви го кажам во петок. Ме надгласувате 6 седници кога предлагав.

Она сега што сакам, и кога ја усвојувавме расправата за приоритетите за зачленување во ЕУ и НАТО, во тие заклучоци тоа не го прифативте. Но, во ред. Дефинитивно, значи не е проблемот во опозицијата, 70 проекти кои што ги напомена господин Ѓорчев стојат во Собранието и претседателот не ги стави до сега на дневен ред.

Второто кое што сега сакам претседателе и да ме слушате.

Имам предлог за дополнување на дневниот ред со следново.

Минатата недела премиерот на Владата на Република Македонија, господинот Груевски излезе со прес конференции зад неколку законски решенија во врска со даноците. Меѓу другото кажа дека Владата си ја завршиле работата, сега е работата на Парламентот.

За да не биде Парламентот тој што кочи претседателе барам претседателе до колку се стигнати сите тие закони во Собрание да ги ставиме денес како први точки за работа на Собранието на Република Македонија, затоа што ние пратениците такви закони немаме добиено.

Да напоменам, еден таков закон имате во собраниска процедура предложен од рпатеничката група на ЛДП во врска со изменување на данокот за додадена вредност и намалување на одредени ставки, но вие ја прекинавте таа седница која се однесуваше за ребалансот на Буџетот.

Значи, таков закон имате во процедура во Собранието. Вие ја прекинавте таа сдница и како по обичај не ја продолжувате за да дојдат законите од опозицијата на дневен ред. Без разлика, го препишала Владата од пратеничката група на ЛДП тој закон, во ред, нека биде и од Владата, предлагам денеска сите закони кои што се во врска со намалувањето на ДДВ да ги ставите како први приоритетни точки за денешната расправа  и да не биде дека ние пратениците ја кочиме повторно Владата, како што ќе речат пратениците од парламентарното мнозинство.

До колку не се стигнати пак, тогаш јавно да кажете дека не е проблемот во пратениците и во Парламентот, туку проблемот е во Владата и нека си го бараат таму.

Барам претседателе да ми кажете зошто не ја продолжите седницата за законите за данокот на додадена вредност од пратеничката група на ЛДП. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сите предлози ќе бидат опфатени што стигаат овде според одредени приоритети кои ги објаснив.

Јас не сум должен да одговарам вија негатива - оти не, туку - оти да. Според моите права јас го правам дневниот ред.

Според тоа, не сум задолжен деловнички да одговарам на прашање виа негатива, оти не сум го ставил. Треба да одговарам зошто сум ставил некој закон и тн.

Понатаму, има збор Роза Топузова Каревска.

(Пратеникот Слободан Најдовски од место реагира неговиот предлог да се стави на гласање).

Сакате да го ставам предлогот на гласање?

Кој предлог, кои закони?

(Реакција од пратеникот Слободан Најдовски).

Не, вие говоревте сите закони. Кои закони, набројте ги.

**Слободан Најдовски:** За законите за намалување на ДДВ што ги предложи Владата. Ставете го предлогот на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Го ставам предлогот на гласање за законите кои ги предложи Владата за ДДВ.

Ве повикувам да гласаме.

Кој е за?

70 пратеници гласале,  23 гласале за, 8 воздржано, 39 против.

Според тоа, предлогот се отфрла.

Процедурално има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Начинот на водење на денешната седница и самиот почеток покажа дека пратеничката група на ЛДП аргументирано и со право ви поднесе интерпелација. Се надевам дека од таа интерпелација ќе извлечете барем некоја поука да не продолжи неефикасното работење на Собранието.

Почитуван претседателе,

Според Деловникот, ваше е...

Ве молам да ме слушате, затоа што процедуралната забелешка се однесува пред се на претседателот на Собранието како најодговорен за водење на седниците.

Почитуван претседателе,

Според Деловникот, вие сте тие кои треба да го осмислувате дневниот ред и со тоа да придонесете во поефикасно работење и функционирање на Собранието.

За жал, денеска имаме две точки на дневниот ред, тоа е Предлогот на закон за Советот на јавни обвинители и Предлог на закон за Јавно обвинителство, за кои што пред се треба 2/3 мнозинство што и тоа не е можеби толку суштински, колку што е нивното значење што го имаат за Република Македонија.

Почитуван претседателе,

Овие закони се склучни од Агендата што треба да ја исполниме за нашата интеграција во НАТО и ЕУ. Што сакате да постигнете, после она што се случуваше на комисиите, кога ниту еден пратеник на опозицијата не даде согласност за овие закони. Говорам за ЗПК и за Комисијата за политички систем.

Ве молам, не можам да зборувам, цело време зборувате зад мене. Ве молам.

Значи, на двете комсии, ниту  еден пратеник од опозицијата не даде согласност за овие закони. За овие закони не се постигна консензус ниту на средбите што беа организирани со политичките партии, со претседателите на политичките партии околу овие закони. Сега гледаме дека се на дневен ред.

Дали вие не извлековте поука од она што се случуваше со вакви закони, каде што само се изгуби време околу нивното дебатирање и потоа не поминаа.

Ова е многу сериозно прашање почитуван претседателе и реков од неизгласувањето на овие закони нема да има штета само парламентарното мнозинство, туку ќе имаат граѓаните на Република Македонија и цела Република Македонија.

Се однесувате многу несериозно по една многу сериозна тема. Затоа ве молам да ги симнете овие закони од дневен ред, да се продолжи, да се постигне консензус и потоа да дојдат во Собранието. Вака, ќе изгубиме многу часови дебата и ништо на крај нема да имаме, никакви резултати.

Освен тоа, тука би сакала да му кажам и на колегата Влатко Ѓорчев дека повторно ќе имаме, вие правите да биде неефикасен Парламентот и вие правите да губиме денови и денови со несуштински закони, како што беа законите за празниците, за државните награди и да не набројувам понатаму.

Немојте и со овој закон да сакате, повторно, со овие закони вината да ја префрлите на опозицијата. Вие ја имате одговорноста за водење на државата и затоа бидете посериозни кога се во прашање државните интереси.

**Љубиша Георгиевски:** Ако сакате да појасните кои два закони сакате да се исфрлат во дневниот ред?

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе,

Навистина, зборував повеќе и од предвиденото време. Неколку пати ве опоменав да ја следите мојата дискусија.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, не ве ограничив во дискусијата.

**Роза Топузова Каревска:** Ве молам, се работи за законите: Предлог на закон за Советот на јавни обвинители и Предог на закон за Јавно обвинителство, суштествени закони од кои што зависи интеграцијата во НАТО алијансата. Ве молам, навистина да бидеме посериозни.

Јас знам дека за вас се многу позначајни музејот на ВМРО и восочните фигури. Но ве молам, ова е позначајно за Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

Следен за збор е Тахир Хани, повелете.

(Реакции од пратениците дека треба да се гласа за предлогот).

Се извинувам господине Тахир Хани, го ставам на гласање предлогот на госпоѓа Топузова Каревска и ве повикувам да се ...

(Реакции со дофрлања).

Ова е за измена, бидејќи се работи за симнување на две точки од дневен ред. За измена е, не е за рокада.

Го ставам на гласање предлогот на Госпоѓа Роза Топузова Каревска и ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 12, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 52 пратеници.

Според тоа, предлогот не помина.

Повелете господине Хани, имате збор процедурално.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Врз основа на член 66 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, сакам да предложам дополнување, промена на дневниот ред со еден предлог-закон што парламентарната група на ДУИ и ПДП го имаат поднесено до вашите служби пред неколку месеци. Тој сеуште не е ставен на дневен ред.

Затоа, предлагам точката во дневниот ред да се внесе Предлог-закон за регистрирање на готовински плаќања. Овој Предлог-закон е можност за решавање на проблемите на граѓаните што ги вршат своите работи на разни пазари во Република Македонија. Знаеме дека еден подолг временски период сите овие граѓани кои се занимаваат со оваа нивна дејност, со тргување на пазарите имаа неколку протести и во Скопје, главниот град на Република Македонија.

Затоа предлагам да се дополни дневниот ред со уште една точка што сме ја предложиле ние порано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** На нашата приоритетна листа и овој закон е за следната седница.

Госпоѓа Грковска Славица, повелете, вашата процедурална забелешка.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Ве молам да ми одговорите прво врз основа на кој член од Деловникот од пријавената листа на пратеници јавени за процедурални забелешки му дадовте збор на последниот пријавен. Врз основа на кој критериум тоа го направивте или се раководевте по критериумот на различни принципи на водење на седниците и давање збор на приоритети секогаш на пратениците на парламентарното мнозинство, за разлика од другите. На јавноста веќе и е познато дека за вас пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и парламентарното мнозинство имаат различен привелегиран третман во однос на останатите пратеници што, со ова што го направивте денеска, уште еднаш го потврдивте тоа.

Сакав да укажам, во интерес на јавноста, дека тоа што беше тука дадено како предог СДСМ го даде уште на почетокот на годината да имаме договор за “брза лента” за закони што се однесуваат на прилагодување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ. Меѓутоа, за жал, вие претседателе не го почитувате предлогот на СДС и го креирате предлогот на дневниот ред според налог што ќе го добиете од премиерот Груевски.

Меѓутоа, денеска беше добро да се види на гласањето по предлогот за ставањето на законите што се однесуваат за олеснување на даноците, а за кои што Владата, како изговор, како и секогаш го кажува Собранието, добро е да се види дека Влатко Ѓорчев, дека Љубиша Георгиевски како претседател на Собранието е против овие закони да бидат ставени на дневен ред. За разлика од координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кој гласал воздржано. Добро е да се види дека парламентарното мнозинство не ја поддржува Владата во овие законски проекти и смета дека овие не се приоритретни и дека не треба да бидат ставени на овој дневен ред.

Затоа, во иднина, кога пратениците од парламентарното мнозинство ќе излезат со обвинување кон опозицијата, мслам дека прво треба да се пресметаат и да сфатат дека тие, во овој момент ја носат најголемата одговорност во државата, тие во овој момент ја имаат најголемата одговорност за одвивањето и текот на седниците, тие во овој момент ја имаат најголемата одговорност за обезбедување кворум во Собранието и тие во овој момент би требало прво да се лутат и да им приговараат на своите колеги од коалицијата зошто не доаѓаат на седниците и зошто заради нивното неодговорно однесување не можеме да одржиме дури ни комисии, заради тоа што пратениците од парламентарното мнозинство не доаѓаат редовно или мора да ги чекаме по половина час за да можеме да обезбедиме кворум за да одржиме комисии, меѓутоа и пленарни седници.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Јас направив грешка, лапсус лингве, реков за збор се јави, секоја среќа, среќата е на моја страна денес, беше во однос на Кондарко и во однос на Слободан Најдовски, тие профитираа, ако може да се говори за профит што е нон сенс, не беше во полза на владеачкото мнозинство, туку обратно.

Бидејќи нема повеќе предлози, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68. За гласале 62, воздржано 4, против 1.

Според тоа, констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Сега иде предлогот на господин Кондарко, два уствари предлози за рокада.

Ве молам, бидејќи измина извесно време, формулирајте ги, ќе ги гласаме предлог по предлог. Имате ли поддршка прво од 10 пратеници?

**Борис Кондарко:** Имам.

**Љубиша Георгиевски:** Имате збор, повелете.

**Борис Кондарко:** Иако процедурално требаше поддршката после образложениeто, јас да се извинам претседателе затоа што претходно се јавив за збор кога се работеше за измени и дополнување на дневниот ред го кажав образложението, вие бевте во право, значи сега е моментот, ние баравме промена на редлоследот. Значи точките 12 и 13 законот за совет на јавни обвинители и Предлогот на закон за Јавно обвинителство да се најдат на почетокот на дневниот ред, како точки еден и два и во интерес сепак на процедурата и на јавноста би го повторил накусо во рамките на овие три процедурални минути образложението. Тоа е следното, дека ако овие закони се со европско знаменце и европска агенда, прво, формално во дневниот ред имате пред нив дури шест закони што се без европско знаменце, што е нелогично. Значи овие европски знаменца, овие закони треба да имаат предност при формулирањето и конципирањето на дневниот ред од ваша страна претседателе.

Втора работа, ако Владата постојано се повикува на приоритетите за реформи во судството и во обвинителството како еден од главните услови за позитивен извештај во наредниве месеци од Европската унија, тогаш треба Парламентот да излезе во пресрет на Владата, опозицијата со овој гест сака да и помогне на Владата, да ја поттикне Владата затоа што Владате е заглавена не само за овие закони за обвинителството, туку е сериозно во задоцнување, по нејзина вина, не по вина на опозицијата.

Владата е одговорна да ги менаџира овие процеси, кога се работи посебно за 2/3 закони, да се потруди да обезбеди политички консензус и определен компромис за определени прашања со опозицијата, а не преку инат партиски да се обиде да го партизира судството и обвинителството.

Затоа кога се работи за повисок приоритет за Република Македонија пратениците од парламентарното мнозинство мора да прифатат ваков начин на разгледување на овие приоритетни закони од голема важност за Република Македонија и верувам дека ќе се согласат со ова образложение затоа што реков, утре имаме пратенички прашања, во петок имаме интерпелација за вас и денеска не можеме да стигнеме до 12-та точка, а камо ли да ја почнеме дискусијата и да завршиме.

Затоа е што подобро, ова да биде сигнал и за Владата, бидејќи не е завршен процесот на политичко усогласување, во овој момент Владата нема доволна поддршка во Собранието од сите релевгантни политички партии, да ја поттикнеме, да ја преземе одговорноста и да се обиде да разговара и да постигне определен политички консензус што е од полза на сите политички партии.

И, една мала процедурална забелешка, не се работи за никакво профитирање ниту за мене, ниту за Најдовски, ниту за вас. Ова е агенда на НАТО за Република Македонија и тоа е единствениот интерес и на СДСМ и на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи предлогот на господинот Кондарко има поддршка од 10 пратеници, а се состои од тоа, повторувам уште еднаш точките 12 и 13 од дневниот ред да станат прва и втора точка, го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 16, воздржано 31 пратеник, а против 16 пратеници.

Според тоа, предлогот не се прифаќа.

**Минуваме на точката 1- Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните

тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам, претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 65, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 64, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот и на членовите 1 и 2.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот и на членовите 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа и според тоа станува дел од законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора, со Предлог на закон.

**Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договор за Вториот Програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 2, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Претседателе,

Ако претставникот на Владата мисли да земе збор, јас би зборувал после, ако не мисли, би зборувал сега. Тогаш, подоцна би се јавил јас.

**Љубиша Георгиевски:** Заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпевски:** Втората, третата и четвртата точка се слични се однесуваат за иста работа. Ние пред извесно време имавме предвремена отплата на Владата на Република Македонија изврши предвремена отплата на кредити за да се отвори можност за финансирање на конкретни реформи кои што се ставени како приоритети на оваа Влада. Овој кредит по точка 2, стратегијата е усвена од страна на Владата на Република Македонија  и конкретно средствата ќе бидат насочени кон реформа во неколку сфери: подобрување на инвестиционата клима во Република Македонија и зајакнување на управувањето со јавниот сектор. Тука е вклучена реформа на јавна администрација, реформа во здравствениот сектор, процесот на децентрализација итн. Вкупниот заем е 23, 3 милиони евра, 17 години рок на отплата и вклучен грејс период од 5 години. Ова задолжување е во насока на програмата која што е усвоена од страна на Владата на Република Македонија. Ние  моравме претходно да отплатиме некои кредити за да се задолжиме по поповолни услови, значи да се подобри каматната структура на кредитите, така да овие средства ни се неопходни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Токму и затоа сакав да кажам, со оглед  дека на Комисиите нема расправа за овие закони од некои сопствени причини на Собранието, да се отвори една дебата во врска со овој закон во Собранието и да чуеме за што Владата ќе ги користи средствата.

Претставникот на Владата соопшти дека средствата ќе се користат за реформи во здравството, правосудството итн, што е целосно неточно толкување на овој закон. Иако Владата во образложението за разлика од точките 3 и 4 за кои подоцна ќе дебатира Собранието, не наведува каде ќе се трошат средствата. Само

наведува дека се склучува заем. И во членот 1 за реализација на вториот програмски заем за развојни политики ПДПЛ - 2, а точната вистина е сосема поинаква, а тоа е дека 30-те милиони долари Владата ги подига за зајакнување на платно билансната позиција на Македонија, односно за зголемување на депозитите на Министерството за финансии, или во крајна инстанца за зголемување на девизните резерви на Република Македонија. Меѓутоа, најголемата контраверза на овој закон е токму во тоа. Да направиме една кратка ретроспектива во врска со овој закон и да го кажам моето мислење. Девизните резерви и платно билансната позиција на Република Македонија во текот на 2002 година и во текот на 2001 година, особено 2001 година и последователно во текот на 2002 година беа крајно нарушени со драстично намалување на девизните резерви, со драстично намалување на девизните депозити на државата т.е. Владата и загрозување на платно билансната позиција. Тие трендови почнаа, кои во 2001 и 2002 година беа трагични за платно билансната позиција и депозитите на државата почнаа да се обновуваат во текот на 2003 кога не се успеа во текот на само една година да се направи тоа што е потребно од објективни причини и тоа се подолгорочни временски процеси. Конечната рехабилитација на платно билансната позиција на Република Македонија и на девизните резерви вклучувајќи ги и девизните депозити на Владата на Република Македонија за кои мора да кажам дека не Министерството за финансии меѓутоа премиерот на Република Македонија во сите свои изјави што ги прави со целата Влада зад него на сосема погрешен начин свесно или несвесно ги толкува и би кажал, ја залажува македонската јавност.

Имено, дури во текот на 2005 година позицијата на Македонија се подобри драстично заради растот на девизните резерви, заради некои приватизации на постојниот општествен и пред се државен капитал кој беше продаван на меѓународни тендери и заради економската политика која ги обнови целосно девизните резерви и почна да го намалува јавниот долг особено надворешниот јавен долг на нивото кое Македонија конечно ја доведе во редот на ниско задолжените земји. Во тие години беше нужно Република Македонија својот платен биланс и своите девизни резерви да ги зацврстува помеѓу другото и со закони за подршка на платниот биланс со, се извинувам не закони туку со заеми за подршка на платниот биланс кој комбинирано Народната банка и Министерството за финансии ги повлекуваа од ММФ и од Светска банка. Така како што е во цел свет Народната банка заемите ги повлекува од ММФ и ги отплаќа кон ММФ, за разлика од премиерот кој држи прес-конференција дека Владата го враќа долгот на ММФ, не го враќа Владата долгот кон ММФ затоа што не е ниту владин долг туку е долг на Народната банка на Македонија и таа самата го враќа. Народната банка очигледно дека тие дезинформации, пропагандистички ги премолчува не знам од кои причини, доказ за тоа е што ние никогаш не се задолжуваме кај ММФ со закони, тоа се задолжува Народната банка постојано и тие пари не одат во депозитите со кои располага Владата, туку одат во девизните резерви со кои располата Народната банка врз која Владата нема апсолутно никаква надлежност. Таа комбинација од платно билансни заеми на Република Македонија кон ММФ и кон Светска банка вклучувајќи и инвестициони заеми кон Европска инвестициона банка и Светска банка и некои други меѓународни институции инвестициони заеми кои се девизни, а кој дел од потрошувачката најчесто заради градежни или други работи завршува како денарска ја подобруваа континуирано платно билансната позиција на Македонија и девизните резерви. Најголемиот пресврт настана во февруари 2006 година кога Република Македонија изврши успешна приватизација на дистрибуцијата на поранешното електростопанство на Македонија од која инкасираше 220-тина милиони евра во тој момент, или со оглед дека во долари најчесто се преговара со ММФ и Светска банка некаде околу, приближно сега не можам да пресметам, 280, 290 еве да речеме 300 милиони долари. Тие средства сериозно ја зацврстија депозитната девизна структура на Владата која согласно законот е депозит на Министерството за финансии и ги поткрепија како подставка девизните резерви кои се во Народната банка и ги подигнаа на нивото кое на Република Македонија и е потребно, според меѓународни стандарди да биде над 4 месечно покритие на увозот. Од тој момент и со продолжување на брендот на растот на девизните резерви кај Народната банка заради други причини на кои не можам сега да се навраќам на нив, треба време да се навраќаме на нив, продолжија да растат. Република Македонија свесна дека во тој момент ја зајакна својата надворешна економска позиција и платниот биланс превзеде два чекори. Прво, новосклучениот тогашен договор со Меѓународниот монетарен фонд кој уште се реализира и ќе продолжи да се реализира до август 2008 со оглед дека Владата 6 месеци од прилика ги испушти, веројатно до крајот на 2008 донесе одлука платно билансната подршка од ММФ по повод на тогашниот стенбај аранжман кој е три годишен, како што кажав до крајот на 2008 да не ја користи и кредитната линија, туку само да ја повлече првата транша од 6 милиони долари, а останатите да го претвори заемот, договорот со ММФ во таканаречен претпазлив договор кој се следи политиката, а не се повлекуваат понатаму кредити од ММФ од страна на Народната банка затоа што на Република Македонија не и се потребни и тоа се објави уште во август 2005 кога заемот, кога договорот со ММФ беше склучен. Паралелен договор на со тој и кооридиниран со ММФ и со Светска банка е договорот со Светската банка кој е за развојни политики таканаречениот договор ПДПЛ за кој сега зборуваме, втората фаза кој требаше за подршка на платно

билансната позиција на Македонија во три транши по 30 милиони долари да даде платно билансна кредитна подршка на Република Македонија кои ќе се реализираат по еден во сите наредни години. Тоа се случи во 2005, 2006 година, сега се случува заради извесно доцнење кое Владата го направи после изборите додека се конституира и навлезе во проблематиката со мало доцнење и втората транша која денес во вид на закон ја дебатираме од 30 милиони долари и логично наредната година уште еден заем од 30 милиони долари кој ќе биде ПДПЛ - 3, ако работите Владата не реши да ги смени.

Токму затоа го образлагав ова, затоа што сметам дека Владата во меѓувреме поттикната од тоа што се случува со платнобилансната позиција на Република Македонија направи уште еден чекор кој за добрите познавачи на состојбите беа совршено очекувани чекори да се направат во текот на 2006 и 2007 година, а тоа е зајакнатата позиција на девизните депозити на Министерството за финансии кој пред се се должат на продажбата на дистрибуцијата од Електростопанство да ги искористи за предвремена отплата на долговите кои се долг на Владата на Република Македонија. Тука настанува најголемата траума и сега веќе најголемата нелогичност на Владата на Република Македонија во делот на управувањето со јавниот долг која се сведува на следново: девизните депозити се моќни, ако Владата продолжи со приватизациони процеси што ги превзема, а очигледно според мене нема да ги изврши, меѓутоа даземеме предвид дека Владата ќе го продолжи тој процес на структурни промени девизните депозити на Министерството за финансии каде што се слеваат парите од овој кредит ќе продолжат да растат. Во меѓувреме Владата напушти некои од политиките на зајакнување на девизните депозити по пат на сопствени приходи и го применува методот по пат на земање на кредити. Иако се обврза и пред Светската банка и пред самата себе дека ќе продолжи со приватизација на некои од државните претпријатија таа очигледно тој процес го стопира. Како и да е Владата почна предвремено да ги враќа старите долгови. Сега клучното прашање кое се поставува по повод на овој закон е, ако е точно дека девизните резерви на Република Македонија се во моментов многу кнап, тоа што нас ни е потребно, а тоа обично го толкуваме како четворо месечно покритие на проектираниот извоз за наредното шестомесечие од идната календарска година, тоа е значи јануари - јуни 2008 година, пресметките се математичка категорија. Тие девизни резерви во овој момент се поголеми од што треба. Со оглед дека Владата во истиот момент враќа стари кредити, а сега за истата намена зема кредити Владата води апсурдна и за Република Македонија финансиски штетна политика кога во услови на високи девизни депозити, во услови на растечки девизни резерви на Република Македонија продолжува сосема непотребно да се задолжува и кај Светската банка со 30 милиони долари и на тоа ќе плаќаме камати иако оваа Влада како и сите други влади кога се задолжуваат се амнестира од исплата затоа што обично грејс периодот е меѓу 3 и 5 години. Конкретно за овој заем е грејс периодот 5 години. Што значи дека Владата зема кредити кои не ни се потребни. Тие еден ден ќе мора да се вратат и тоа што мислам дека уште е поапсурдно е што Владата не искучувам дека ќе примени политика во истиот момент да се задолжи кај Светска банка со 30 милиони долари колку што е овој закон денеска и после да продолжи предвремено да отплаќа други кредити кон Светска банка. Логиката на Владата е дека во овие трансакции Владата добива еден или два процентни поени позитивни каматни стапки кои се различни помеѓу кредитите што ги отплаќа и кредитите што ги добива. Сеедно за каматните стапки. Овде не станува збор за каматната стапка дали е 5, 7 или 4,5 или 5 посто, туку станува збор за тоа дека каматната стапка воопшто не треба да ја има. Овој кредит без никаква потреба Република Македонија во идните 20 години вклучувајќи ги и грејс периодите да ги сервисира со сопствени приходи сосема без никаква основа. Не гледам причина зошто Владата политиката зацртана во 2005 година со ПДПЛ аранжманот не ја преиначи кон Светска банка исто како што е преиначена кон ММФ да продолжи аранжманот за политиките да се води, а платно билансната подршка на Република Македонија од Светската банка да изостане затоа што за неа немаме никаква потреба, апсолутно никаква потреба и само каматно ќе ги оптоварува идните буџети и идните трошоци на Република Македонија.

Почитувани пратеници, затоа сметам дека овој аранжман треба да продолжи како претпазлив аранжман, Владата не треба врз основа на него да повлекува финансиски средства, а ако повлекува и понатаму и финансиски средства тогаш моето мислење ќе биде следново: дека Владата во истите години прави прилично неодмерени и прилично политички неуспешни потези кон истата институција од една страна се задолжува, а од друга страна ги враќа долговите предвреме, во значи друго е вие како што била Македонија 70-тите, 80-те и 90-те години да ви доспеваат рати за отплата и немате средства девизни да ги отплатите па морате да подигнете нови кредити. Македонија не само што има доволно девизи да ги отплаќа постојните кредити, туку таа ги отплаќа и кредитите кои доспеваат до 2020 година, десет години однапред. Во тие услови секое задолжување е апсолутно непотребно на Република Македонија и сметам дека Владата треба да најде политичка храброст да и соопшти на Светска банка дека аранжманите веќе нема потреба да се кредитни, туку само претпазливи, да се продолжи со аранжманот без никакво повлекување на средства.

Во врска со другите два закони сега ја водиме заеднички расправата, или не, претседателе. Ве прашувам со оглед дека и претставникот на

Владата за точките 2, 3 и 4 даде заедничко образложение дали да го кажам моето мислење за тие точки или да чекам тогаш.

**Љубиша Георгиевски:** Не, продолжете имате збор, како сакате, по ваш избор.

**Никола Поповски:** Би сакал само уште кратко да го задржам вниманието дека би било исклучително лошо Владата да излезе во Парламентот со договор за заем пред Светска банка кој е непотребен, а ние да го гласаме против. Најдобро е Владата да го повлече да испреговара дека ваков заем не ни е потребен. Меѓутоа, Владата тоа не го уважи и мислам дека работи на штета на Република Македонија. Уште поапсурдна е политиката со законите под точката 3 и 4 каде што зема заеми за инвестиции.

Прво, да расчистиме едно друго прашање без разлика дали вие го кредитирате да речеме со законот за олеснување на трговијата и транспорт во Југоисточна Европа втората фаза ТТФСЕ 2, кој е на дневен ред, без разлика дали го финансирате од девизните депозити на Министерството за финансии или го финансирате со заем од Светската банка, Владата тоа го прокнижува како дефицит на својот Буџет, а тој дефицит е контролиран во рамките на 1% од бруто домашниот производ. Таа не може да избега од фактот дека трошењето на овие пари без кредит и со кредит е со еднакво штетни последици по Буџетот, тоа е дефицитно финансирање. Во тие услови јас отворено прашувам ако Владата има доволно високи девизни депозити која е логиката Република Македонија да се задолжува со 15 милиони евра кај Светската банка за Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Балканот или во Југоисточна Европа кога на тој кредит ќе плаќа камати, а повторно е дефицитно финансирање на Буџетот, а може истото да го направи без камати со дефицитно финансирање од постојните приходи на девизните депозити на сметката на Министерството за финансии. Значи, ако кај точката за задолжување од 30 милиони долари за платен биланс имаме релативна економска штета на Република Македонија за што не ни е потребен, тогаш во предлозите под точката 3 и 4 кај заемот за трговија и транспорт и кај заемот за зајакнување на администрацијата во земјоделието штетата не е релативна, туку е апсолутна, затоа што можеме да го финансираме тоа со истите последици по Буџетот, дефицитно без никаков каматен трошок односно со каматен трошок нула од сопствените девизни депозити на Министерството за финансии.

Мислам дека Министерството за финансии и Владата нема соодветен реален, објективен и продуктивен одговор на овие дилеми. Имам впечаток дека ова се тера работата по некаква инерција, без разлика колку ќе бидат каматите 3, 4, 5, 6 или 7% бидејќи тие во овој закон зависат од висината на либор во евро валутата, тие ќе бидат непотребен трошок на Република Македонија и тој ќе изнесува стотици илјади, ако не и милиони евра во текот на реализацијата на сите овие три закони.

Затоа предлагам Владата да ги повлече и уште еднаш да размисли наместо со заем од Светската банка да ги финансираме со сопствени средства кои очигледно ги имаме, особено заемот за олеснување на транспортот е потребен. Тој е зацртан уште од 2004 година и потребно е да се доврши, тоа е дел од Коридорот итн, тука е опишано, да не повторувам.

И сега конечно завршувам за да не се јавам по четвртата точка која очигледно е споена во дебатата, ако внимателно Владата односно ако внимателно Парламентот прочита за што всушност ни се доделува заемот за зајакнување на земјоделството, ние практично земаме заем од Светската банка во висина од 15 милиони евра кој ќе го потрошиме на администрацијата и опремувањето во Министерството за земјоделие.

Оворено прашувам дали на Македонија и е потребен меѓународен кредит и ново задолжување со цел да ги зајакне капацитетите сега цитирам од законот, да ги зајакне капацитетите на Министерството за земјоделие со 7 милиони евра, да ја подигне способноста на Македонија да распоредува фондови на Европската унија со два милиони евра, да го развива капацитетот во областа на ветерината со 2,5 милиони евра и да заврши реформи во водостопанскиот сектор со 4 милиони евра кој се сите средства кој Република Македонија не само што може, туку во овој момент и ги обезбедува од сопствениот буџет. Едноставно нема разионално објаснување зошто Република Македонија се задолжува. Ако се задолжува единствено за да го реши проблемот на Светската банка под притисок на Светската банка затоа што Светската банка знаеме дека во моментов плива во пари од причина што тоа што го прави Република Македонија го прави цел свет. Коњунктурата на светската трговија е таква да сите држави кои се на времето задолжени кај Светската банка не само Македонија туку и Србија и Бугарија и Романија и Хрватска и Црна Гора а да не одиме подалеку во неразвиените поранешни држави од Југоисточна Азија, Кина, Африка, предвремено ги враќаат долговите. Светска банка плива во долгови и имам впечаток дека врши притисок на државите каде што може да ги пласира средствата со либор плус еден тоа да го направи, инаку и Светската банка ќе се најде во релативно тешка ситуација на банка со големи депозити кој никаде не ги пласира, а државите продолжуваат како и Македонија да ги враќаат поранешните долгови, ќе треба да оди во комерцијални инвестиции на берзите, а таа претпочита кај државите каде што има буџетски гаранции. Сметам дека Владата треба малку посериозно со Светската банка да разговара дека ние не сме во опозиција Македонија да ја помага Светската банка со каматни плаќања, туку Светската банка во која само да потсетам дека ние сме акционер, каков таков малечок, е должна да ја помага платно-билансната позиција на Република

Македонија на начин што кога не ни се потребни девизите со сила да не ги земаме и да плаќаме камати на нив, туку да си ги користиме сопствените девизни депозити кој како што знаете немаат никаков каматен трошок кога се трошат во цели во Република Македонија.

Од тие причини почитувани пратеници, претседателе Георгиевски и господин претставник на Влада, сметам дека задолжувањето во овој момент е непотребно затоа што тие средства Република Македонија ги има и може да ги реализира сопствени како сопствени, дури и како девизни без никаков каматен трошок. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има реплики? (Нема)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договор за Вториот Програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 2.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 61, воздржано гласал 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, сите 64 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договор за Вториот Програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 2.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем за Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за гласале 64, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем за Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем за Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување, со Предлог на закокон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има господин Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Дозволете само 2-3 минути да соопштам нешто во врска со земјоделската политика на оваа Влада и информациите кои таа ги дистрибуира во јавноста.

Денеска, Владата на Собранието му предлага да се задолжи Република Македонија со 15 милиони евра. Инаку, еквивалентот на тоа е околу една

милијарда денари, сосе каматите што ќе се платат. И, ако прочитате за што Владата ни го нуди овој кредит, а премиерот на Република Македонија држи прес конференции на кои парите ги смета во поддршка на земјоделието, држи прес конференции, мафта со графикони кои се неточни, за што ќе стане сега збор и овие пари ни ги прикажува како владино учество во поддршка на земјоделието.

Компонентите на овие една милијарда што си ги рачуна во тие пари што ги двои Владата се:

- администритавн и контролен систем во Министерство за земјоделие со инсталирање на информатичка опрема;

- воспоставување на информационен систем во Министерство за земјоделие со информациска опрема за кадарот во Министерството;

- зајакнување на земјоделската инспекција во рамки во Министерството за земјоделие преку инсталирање на информациска опрема и обука на кадар вработен во Министерството за инспекцијата;

- подобрување на капацитетите на Министерството за земјоделие во врска со анализите на земјоделската политика и управување со проектите;

- поддршка на способноста на Македонија за распоредување на фондовите на Европската унија: обуки, информациска опрема, семинари на вработените во Платежната агенција;

- завршување на ветеринарниот информациски систем и набавка на физибилити студија за депонирање на животински нуз производи;

- подобрување на лабораториите и ИСО стандардите во Министерството за земјоделие;

- завршување на ликвидација на водостопански организации и отпремнини на вработените;

- обезбедување на консултански услуги кај водостопанаствата и

- зајакнување на капацитетите односно на администрацијата во Управата за водостопанство.

Ете каде оди една милијарда од тие што премиерот мафта дека се за поддршка на земјоделието. Тие си се задржуваат во рамки на администрацијата. И сега во врска со тие табели да соопштам само еден податок, а се надевам дека ќе има некоја дебата во која ќе можеме малку подобро да дебатираме.

Што да очекуваме од еден премиер кој во врска со земјоделието, излезе со графикони кои ги покажуваше и кој соопшти дека во 2003 година Република Македонија за поддршка на земјоделието одвоила 3,2 милиони евра и после правеше графикони како Трговскиот центар во Америка се нагоре и нагоре. Еве ја господа пратеници завршната сметка на Буџетот за 2003. Завршната сметка не е проекција, завршната сметка е тоа што е платено и реализирано, усвоено од ова Собрание и објавено во “Службен весник на РМ” чиј исечок држам пред вас. Во него пишува: Министерството за земјоделие, трансфери и субвенции до домаќинствата и физичките лица. Тоа се земјоделците. 428,5 милиони денари. И подоле изградба, реновирање и унапредување на инфраструктурата во земјоделието, иригациони системи, системи за наводнување итн, 351 милион. Ајде да ги оставиме инвестициите кои во своите 100 милиони ги набројува, а ваму ги одзема. Премиерот ни соопшти дека 2003 година биле 3 милиони, а оваа година се 20 милиони и врз основа на тоа си изведува математики.

Господин претставник на Владата, господин премиер и господа пратеници, 428,5 милиони поделете го со 60 колку што е курсот, ќе добиете повеќе од 7 милиони евра. Господинот министер во јавноста, господинот премиер мавташе со графикони од 3 милиони евра. Што понатаму да зборуваме за вистинитоста на политиката што Владата ја сервира на граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор заменик министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпевски:** Само една корекција. Премиерот точно излезе со податок од 7 милиони евра за таа година, а не со 3,2. За 2002 година извадете ја завршната сметка, ќе видите колку пари имало, а за 2003 колку што кажавте точно така, рече 6,9 приближно 7 милиони евра. Така што јавноста да не биде дезинформирана.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господин заменик министер за финансии, немате потреба да го оправдувате премиерот таму каде што ја дезинформира јавноста. Земете ги денешните ваши весници како “Вечер” и други кои ги имаат објавено табелите што ги доставила Владата и ќе прочитате 2003, три милиони напишано. Ако биле во 2002, три милиони тогаш на кого кажувал министерот за финансии тогашен, јас не знам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Дамески Панче, вие исто така сте за реплика?

Тогаш прво господин Панче Димески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам почитуван претседателе.

Би му реплицирал на господинот Поповски Никола, бидејќи ако некој шири дезинформации тоа е тој со неговиот говор од говорницата, бидејќи кажува апсолутни невистини.

Најавените пари што беа од Владата се наменети за дирекна поддршка на земјоделското производство во 2008 година. Тие пари ќе бидат кај примарното земјоделско производство, за производство на житни култури, за млекопроизводството, за подигнување на нови лозови насади. Тоа значи дирекна помош на земјоделските производи.

Најавените средства што ќе бидат добиени со заемот, тој прочита каде ќе бидат потрошени. Да не ги мешаме работите.

За 2008 година, Владата издвојува од Буџетот 45 милиони евра за дирекна помош на примарното земјоделско производство. Додека најавените средства што ќе бидат земени како заем, се за работите што ги прочита и самиот господин Поповски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли контра реплика? Има.

Господин Никола Поповски, контра реплика.

Никола Поповски: Кога сме веќе кај дирекното финансирање што нашиот колега Панче го спомна, на дирекните земјоделски производители и нивното примарно производство, доволен е фактот господин Панче што во 2006 година имало 58 илјади земјоделски производители кои користеле државни субвенции. Оваа година ги сведовте само на 16 илјади. Вие, на тие 16 илјади и да им ја удвостручите помошта, оставивте 42 илјади приматели на субвенции без субвенција. А, знаете зошто, затоа што административните критериуми ги зајакнавте и ги натеравте луѓето да треба адвокати да ангажираат да докажат дека произведуваат 10 кила пченица за да ги добијат субвенциите. Таа политика заврши само со 16 илјади.

А, сегашниоот попис што се направи на земјоделието покажа дека имаме над 200 илјади дирекно или индирекно домаќинства што се бават со земјоделие. Споредете колку се 16 илјади кои добиле субвенции виза ви 200 илјади кои се бават со земјоделие и оценувајте ја успешноста на земјоделската политика.

Господин Илија Димовски, реплика, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Очигледно, колегата Поповски се наоѓа многу погоден од Владината политика во поглед на земјоделието, со овој зафат и со неколку други зафати што се случија во минатиот период, само заради јавноста, не е во насока, јас верувам дека господинот Поповски ќе се обидува да најде било какви причини да ја негира Владината политика, меѓутоа фактите се јасни.

Оваа Влада се соочи со неколку проблеми во земјоделието. Тоа е минималните субвенции за 2006 година, субвенциите што ги предвиде Владата на СДСМ беа некаде околу 6 милијони евра, па ние со ребаланост ги зголемивме до 22 милиони евра. Таквиот тренд ќе оди до 2010 година, со тоа што за наредната година Владата ќе предложи во Буџетот 45 милијони евра, за 2009 година ќе предложи 70 милиони евра и за 2010 година ќе предложи 100 милиони евра. Тоа многу добро го слушнаа земјоделците и верувам дека е тука нервозата кај колегата Поповски.

Втор проблем што постоеше во поглед на земјоделието беше земјишната политика, односно поделбата на државното земјоделско земјиште. И тука Владата, со ангажман на инспекциските служби од Земјоделскиот инспекторат драстично ги подобрува состојбите на многу таканречени земјоделци им се раскинати договорите што е узурпирано земјоделското земјиште, од причини познати за нив.

Третиот дел е капацитетите на Министерството за земјоделие да го следат процесот, во кој што земјоделието треба да го претвориме од социјална димензија во област во која ќе се остварува економски профит. Досегашните политики на Владата на СДСМ беа дека земјоделието го гледаа како социјална субвенција. Затоа, субвенциите што ги делеше СДС се движеа од 500 до 1000 денари по земјоделска фамилија.

Поентата не е во тоа. Обемот на субвенциите Што ќе ги подели оваа Влада се многукратно поголеми од тоа што СДС го правеше, во насока на подобрување на капацитетите на Министерството за земјоделие се набројани прецизно работите што ќе бидат опфатени соовој заем. Тоа е да се подобри способноста на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за повлекување и следење на користењето на фондовите за рурален развој. Да се овозможи ИПАРД европските фондови да им бидат исплатени на фармерите. Да се осигура навремено обезбедување на квалитетни ветеринарни услуги на производителите и т.н. и т.н.

Во текот на наредните три години, веројано често ќе дебатираме за земјоделието. Меѓутоа, најдобар суд ќе дадат граѓаните 2010 година на парламентарните избори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Никола Поповски со својата контра реплика, повелете вашата минута.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господинот Димовски има пословична потреба нервозно да реагира на моите дискусии.

Господин Димовски, ајде да ја почекаме 2010 година да ги видиме 100-те милиони евра, како што ги видовме, кога точно пред една година зборувавме за ДДВ-то на земјоделските заштитни средства. Вие исто вака реплициравте дека од ова ќе имаат бенефит земјоделците. Бенефит имаа 5-6 трговци со земјоделски заштитни средства во Република Македонија, а земјоделците плаќаат поскапи заштитни средства. Тогаш, исто вака во септември истово го зборувавте, како реплика на мене исто како и сега верувам дека една поука извлековте.

Второ, во врска со поделбата на земјоделското земјиште, претпоставувам дека се информирате само од вестите на Македонската радио-телевизија во 19,30 и од таму ги влечете сознанијата дека се ви оди по лој.

Четврто, вие зарем н е сте слушнале дека вашата Влада во 2007 година ги промаши фондовите на ЕУ за земјоделие што требаше да ги добие, од што многу брзо напредува кон ЕУ? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Ацо Киров, повлете.

**Ацо Киров:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Не знам од каде да почнам после овие реплики на колегите од парламентарното мнозинство и излагањето на колегата Никола Поповски. Но, сепак би почнал од таму каде заврши колегата Илија Димовски.

Колега Димовски, мислам дека она што ти го рече сега пред 2-3 дена премиерот Груевски излезе на телевизија и јавно, пред македонската јавност рекламираше, кажа, еве денеска, за да добие на публицитет, вие уште еднаш го повторивте преку говорницата на Собранието. Па, кажете го и 100 пати, да видиме каков ефект ќе има.

Сега, бидејки почнав со вас, првиот дел исто да го завршам со вас. Немојде да ги лажете земјоделците дека некогаш кога СДСМ бил на власт или кога ја имал Владата добивале по 500 или по 1000 денари субвенции по грло или т.н. Да, точно е. 1000 денари, но секој сточар добиваше 1000 денари. Секоја фамилија по грло добиваше 1000 денари.

Колега Димовски, оваа година нема секоја фамилија да добие по 1000 денари. 1000-1000, за некого се многу за некого се малку. Оваа година ќе добијат само 30%-35% сточари кои одгледуваат стока. Сега, не по 1000, овде се согласувам со вас, можеби по 4-5 илјади по грло. Но колега Димовски, јас сум поборник секоја фамилија да добие, па нека биде и 1000 денари, а не 5 илјади денари и тоа само 25-30% од сточарите во Република Македонија. Тоа е една работа.

Од овие 25 милиони, 22 милиони што заедно ова Собрание со Буџетот ги одобри за оваа година, колга Димовски исто да ви кажам дека од овие 25 милиони исто и во претходните години, тоа значи дека не зборувам само за 2002-2006, туку и пред тоа, производителите на житарици, на пченица добиваа за секој декар, за секое кило што го произведуваа субвенции. Оваа година, со овие 25 милиони, не добија, а го знаете и тоа. И тоа е еден од условите.

А, друг услов, знаете добро дека треба 10 на еден хектар, значи и приносите се 2,5 тони по хектар или 250 килограми по декар. Но, оваа година, што беше лоша, беше, не дај Боже да се погоди и некоја лоша за земјоделците, беше сушна, можно е, кажано со други зборови и оние кои имаат по 1 хектар, прашање е дали сега ќе добијат субвенции за тоа штоне можат да добијат 2,5 тони по хектар. Овде има некои, навидум, големи суми што се прикажуваат, но колега Димовски јас доаѓам од селска општина. Доаѓам од село Турново. Околу мене се Радово, Босилево, Штука, Иловица и т.н. кои се занимаваат и со сточарство и со земјоделие. Знам колку од ова има ефект просечниот земјоделец. Нема никаков. Јас ви гарантирам дека во моментот нема никаков ефект од овие 23 милиони.

Знаеме дека сточарите, производството што го произведуваат, млекото, многу години наназад е со иста цена. Овие денови има по денар или два покачување што е добро и се надевам дека ќе се покачи млекото барем до 22 денари во некој иден период од страна на откупувачите. Ако тоа не се случи, тогаш се надевам дека со оние најавени милиони во следните години, следната 45, потоа 70 и т.н., ако откупувачите не го покачат откупот на млекото на 22-23 денари, се надевам дека дел од тие средства ќе бидат наменети и за сточарите.

Ова што го зборував до сега, повеќе бев испровоциран за да кажам, но сакав да се јавам и да бидам краток, да кажам за тоа за овие 15 милиони евра или 20 милиони долари што Владата на Република Македонија се задолжува кај Светска банка, односно треба да го добие како кредит.

Колегата Никола Поповски кажа, во неговото последно излагање дека овие пари се за одредени цели за некој иден период што ќе овозможат усовршување на земјоделието, сточарството и т.н. Еве, јас сепак би сакал македонската јавност, бидејки многу се зборува за овие 15 милиони евра или 20 милиони долари, вака како што ги имам пред мене би сакал да ги прочитам, а да ги слушнете и вие. Ние ги имаме, но да ги слушне и македонската јавност. Сакам да знае македонската јавност дека, можеби тоа ќе го сфатат луѓето, а треба да го знаат, бидејки не може да очекуваат 15 милиони евра вложување во земјоделството директно да имаат влијание врз земјоделието или, луѓето да очекуваат дека нешто од овие 15 милиони ќе добија и тие. Не.

Денеска, од овие задолжувања со 15 милиони евра, јавно кажувам од говорница, земјоделецот нема да добие ништо. Па, ќе тргнам по ред.

Зајакнување на капацитетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со условите за прием на ЕУ 6, 69 милиони евра. Да не одземам време, да не набројувам поединечно по ставки. Тоа е првиот дел.

Вториот дел, поддршка на способноста на заемопримачот да ги распоредува фондовите на ЕУ за рурален развој, износ 2,05 милиони евра. И овде имаме, што повеќе го елаборираше колегата Никола Поповски.

Трет дел, развивање на капацитетот во областа на ветерината, износ 2,4 милиони евра.

Завршување на реформите во водостопанскиот сектор, износ 3,86 милиони евра.

Или, кога сето тоа ќе се собере тоа изнесува 15 милиони евра. Ова го прочитав само за да се знае, за нас и за сите кои не слушаат дека овие, да, се вложуваат во земјоделието, но земјоделците да не се надеваат дека од овие пари ќе добијат нешто за нив, па макар и 50 денари или 100 денари. Нема ништо за нив. Можеби во некои идни години по ред, овие улагања да се вратат, а колку ќе се врати то ане можам да го предвидам ниту пак можам да зборувам за тоа.

Тоа е она што сакав да го кажам. Знам дека и другите средства, парични, што ги добиваме од ЕУ ќе бидат строго наменски. Знаеме како да се делат и знаеме како треба да се враќаат со рокови и т.н.

Повеќе пати сум кажувал и сега ќе повторам, за оние пари, тоа се парите што ќе доаѓаат од Европа, што ќе ги оделува Владата на Република Македонија, а кои што пари ќе се влеваат во Агенцијата за финансирање и од таму ќе се распоредуваат, тоа значи буџетски средства, би апелирал средствата односно програмите да се прават така да овие парични средства што се најавени во наредните години да допрат до секое семејство. Повеќе пати од говорницата сум кажувал дека, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, министри, особено за министерот за земјоделство и екипата што работи во Министерството за земјоделство, мислам дека, има најава, имам сознанија дека веќе имаме луѓе кои располагаат со парични средства. Или имаат повеќе пари, кажано со наши зборови. Веќе се рагистрираат како земјоделци, со цел да дојдат до овие средства.

Ова, можеби од една страна е добро, бидејќи иако не бил земјоделец до сега, во иднина ќе стане земјоделец, односно ќе има луѓе кои ќе работат за него и ќе произведуваат. Но, мислам дека правата цел на добар дел на овие луѓе е да дојдат до овие парични средства. Оние кои немаат шанси да се регистрираат бидејки немаат,нема да земат пари. Зато апелирам, за овие средства што вонаредниот период се планираат, уште еднаш ќе потенцирам, во програмите што се прават, најверојатно во идниот период ќе се прави програма за овие средства, каде, што, како ќе се распоредуваат, апелирам еден дел од нив да допре и до најсиромашниот земјоделец, а не само за оние кои имаат или кои имаат услови да купат.

Вчера на телевизија гледав неколку земјоделци имаат потпишано кредит со Министерството за земјоделство. Не следев добро, но мислам дека се работи на одредени вложени парични средства за купување трактор, машини и т.н., Владата односно Министерството за земјоделие им додели парични средства, или како што беше едно време за патиштата на еден вложен денар еден дава и државата.

Моето гледање на овој кредит е такво какво што го изнесов. Повеќе време потрошив да сугерирам до надлежбните министерства, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да обрне внимание на средствата, ако се такви какви што се кажани, големи средства, да бидат достапни и до најсиромашниот земјоделец, оној кој има еден декар, два декари, а не само до оној кој има по 5, 10, 20 или 30 хектари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Илија Димовски има реплика, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Убаво е да се дебатира за тема во која што се чувствувате сигурен и поради претходни познавања на областа, меѓутоа и поради сигурност на аргументите што ги употребувате. Затоа често се јавувам на темата земјоделие. На крајот на краиштата избран сум од изборната единица број 3 каде што исто така земјоделието е можеби доминантна стопанска гранка , со целосен легитимитет зборувам на оваа тема.

Прво, да сузбијам еден лажен, значи најгруба лага беше искажана во текот на дискусијата на колегата Никола Поповски кога со контра реплика се обиде да ги поништи моите аргументи. Значи, оваа година околу 45 илјади лица аплицирале за субвенции. Не е точен податокот дека 16 илјади лица ќе ги добијат субвенциите.

Разликата е во тоа што во 2006 година СДСМ предвидела 6 милиони евра за толкав број на лица, како што кажа господинот Никола Поповски, па сега за оваа година има 22-23 милиони евра исто за толкав број на земјоделци. Меѓутоа, сега се води ред. Луѓето мора да аплицираат многу прецизно за да не завршат парите во некои, таканречени оплигарси што се веројатно поблиски на левата отколку на десната опција во Република Македонија.

Ја прифаќам и болката што ја има СДС, заради тоа што после спроведувањето на оваа владина политика тешко некој земјоделец во Република Македонија да гласа за СДС. Ако тргнете дека во 2006 година биле предвидени 6 милиони евра, а во 2010 ќе се потрошат 100 милиони евра за дирека подршка на земјоделието, тогаш крајниот резултат, веројатно ние, со многу поголема радост ќе го чекаме на изборите 2010 година отколку колегите од СДС.

Меѓутоа, да се вратам на она што го дискутираше колегата Киров. Субвенциите, оваа година господине Киров ќе се делат по површина, а не по производство. Така што тие бројки што ги кажувате во врска со сушата во Република Македонија и производството по хектар од 2,5 тони Просечно не ви е точна тезата поради тоа што субвенциите ќе се даваат по површина, а не по количество на произведена пченица.

Исто така, субвенциите, многу добро вие кажавте дека сте земјоделец, знаете дека во последниот квартал од годината се исплатуваат до земјоделците. Така што ќе имаме прилика и во наредниот период да дискутираме колкави се ефектите од тоа. И на крајот на краиштата ако сакате можеме да ги споредуваме цените на земјоделските производи од оваа година и од минатата година. Јас вчера имав задоволство да ја посетам општина Градско каде што разговарав со повеќе земјоделци од Градско и од Росоман. Ми кажаа примери која цена ја има бостанот сега, која цена ја имал лани, праската која цена ја има сега, која цена ја имала лани, пиперот, доматот и тн.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Колега Димовски иако еден добар дел од вашата реплика се однесуваше за друг пратеник. Сепак, на крајот нешто кажавте, реплициравте и на мојот говор.

За тоа какви биле цените оваа година, какви биле лани, многу не сакам да зборувам, затоа и немој тоа посебно да го спомнуваш, а за тоа што зборував, значи по килограм, јас кажав за минатата година, значи ако сте ме слушале ќе се сложиме дека минатата година, односно 2006 година беше по килограм и за оваа 2007 година а за тоа како ќе биде, јас целов реме зборував. Не знам каква е програмата. Значи, тоа ќе го видиме во наредниот период кога ќе почнат луѓето да аплицираат за овие средства. А за тоа колку аплицирале за добивање на субвенции, дека имало многу. Јас знам колку имало, колку луѓе се враќаат од вратите на подрачните министерства за земјоделие затоа што неможат да аплицираат.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика господин Панче Дамески.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

На колегата Ацо Киров би му реплицирал во неколку работи. Прво, и тој кажа дезинформации, или некои работи не ги познава. Овие средства што дискутираме денеска, што е точка на дневниот ред се заем за подобрување на работата на Министерството и на службите во Министерството за земјоделие. Значи нема врска со средствата кои се најавени од Владата како директна помош на примарното земјоделско производство за 2008 година. Значи, овие 15 милиони евра кои ќе бидат заем за подобрување на службите во Министерството за земјоделие, а 45 милиони евра кои се најавени за 2008 година се директна помош од Владата, директна помош од Буџетот за поддршка на примарното земјоделско производство. За негова информација, ако не знае дека со тие 45 милиони евра ние се доближуваме до европските стандарди на одвојување на средства од националните буџети за директна помош во земјоделието. Додека во 2010 година со одвојувањето на 100 милиони евра, ние ќе одвоиме повеќе од 5% од националниот буџет за директна поддршка на земјоделието што ќе биде два пати повеќе од европските земји кои одвојуваат исто така големи средства за поддршка на земјоделското производство. За жал, нивната политика беше доста ригидна во однос на земјоделието. Изјавите на нивниот поранешен министер за финансии беше дека воопшто не се исплати да се субвенционира земјоделието, дека со тоа треба да се субвенционира и производството и продажбата. И затоа нивните субвенции се движеа од 3 до 6 милиони евра. Оваа Влада ги сфати потребите на земјоделецот, ги сфати светските текови во земјоделието и затоа одвоените средства се многу повисоки и се онакви од какви што има потреба едно модерно земјоделие. Исто така, програмата на субвенции, која би му препорачал на господинот Киров да ја прочита, бидејќи ја добивме некаде во февруари месец, предвидува кои гранки колку пари ќе добијат. Во таа програма се ставија некои граници, минимални долни граници, горни граници. Не може да биде професионален земјоделец со еден декар земја. Не е рентабилно субвенционирање на два декари, три декари житна површина. Значи, светските искуства кажуваат дека треба минимум 10 хектари. Меѓутоа, познавајќи ги нашите прилики ние воведовме субвенционирање од еден хектар. Исто така, не може професионален земјоделец со една крава. Затоа се оди на субвенционирање на минимум пет крави. Значи, сите овие стандрди кои ги воведовме се за подобрување и за професионализација на земјоделците.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика, господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Колега Панче, тоа што го кажавте не е баш така, или не сте ме слушале. За тоа дали во 2008 година ќе бидат 45, во 2007 година 22 милиони , па пред тоа во 2006 година 6,7 милиони. Неможам да кажам до година како ќе биде. Земјоделците не видоа некоја фајда од овие 22 милиони. Јас ви го гарантирам тоа. Сега знам дека сме пред датумот за договарање за прием во Европската унија, самата Европска унија не притиска да одвојуваме повеќе. Тоа е нормално сега во овој период.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Значи иако точката на дневниот ред е околу Предлог-законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот зајакнување на земјоделството, сепак се отвори дебата и околу политиката генерално во земјоделието и политиките што ги воделе претходните влади. Притоа колегите од позицијата опиени, или сакајќи да го потенцираат значењето на она што Владата го најави дека до 2010 година ќе се одвојат многу пари, почнаа да лицитираат тука со бројки и рекоа дека до 2010 година буквално ќе нема никакви проблеми во земјоделието и дека до тогаш ќе се решат многу прашања притоа само од аспект на средствата кои што ќе бидат одвоени од Буџетот на Република Македонија.

Прво, да кажам по однос на законот, дека е добро што овие средства во еден дел се наменуваат за зајакнување на капацитетите на Министерството за земјоделие, бидејќи факт е дека оваа година ја промашивме околу помошта од Европската унија и очигледно дека Министерството за земјоделие треба кадровски да се екипира како би можело побрзо и поефикасно и да се подготви во делот на подготовка за прифаќање на помошта од Европската унија, но и во делот на изготвување на стратегии и планови за развој на земјоделието. Она што лично ми сметаше е тоа дека зборуваме во некое идно време, или дека се нашло магичното стапче, дека сите проблеми на земјоделците ќе бидат решени само со распределба на средства од буџетот на Владата

на Република Македонија и притоа лицитирајќи со суми. За овие пари веројатно ние ќе дискутираме кога ќе дојдат стратегиите, програмите и плановите на Владата каде планира да ги инвестира. Но, ако гледаме од сегашен аспект, или од сегашно време, мора да констатираме дека политиката на Владата во земјоделието оваа година е промашена, без разлика колку ќе лицитираме со средствата кои што Владата ги одделила за субвенции на земјоделците. Промашена е од неколку аспекти, а тоа е дека Владата немаше план, или стратегија како да се справи со проблемите кои што настанаа по сушата во Република Македонија и одразот на истата по однос на приносите од сите култури. Значи, ако се знаеше во Република Македонија уште во месец март, април, мај, дека оваа година ќе има суша, дека ќе нема доволно приноси и на жито и на јачмен и на други култури, тогаш Владата требаше да интервенира на време и да предложи мерки како овие култури би се обезбедиле од други извори. Меѓутоа, бидејќи Владата чекше да се случат работите и не интервенираше, како резултат на тоа се јави недостиг на основни култури кои што се потребни за производство и на земјоделски производи, но и за основниот прехранбен артикл, лебот. Имавме ситуација кога Владата немајќи решение како да го спречи поскапувањето на цената на лебот, им се закани на пекарите директно: немојте да ја покачувате цената бидејќи ќе имате контроли. Притоа, упорно алудирајќи од друга страна дека пазарот е тој што треба да ги регулира односите во однос на понуда и побарувачка и на брашно и на жито и на леб. Значи, не понуди решение да седне со пекарите, како тие да им обезбедат жито кое што го нема доволно во Република Македонија, зборувам уште во месец април, не зборувам кога веќе се случи проблемот и да се избегнеше една ситуација во која што сакале, или не, да се доведеме во ситуација цените на земјоделските производи да растат. Околу состојбата со јачменот, со пченката или со храната, навистина не ми е јасно секоја година се јавуваат одредени проблеми во Република Македонија со обезбедувањето на доволни количини на храна. Но оваа година не само што ги немаше, туку ние повторно немавме стратегија на време да ги обезбедиме. И како резултат на тоа, бидејќи во околината владееше суша, немаше приноси се дигна цената на овие култури и Република Македонија ги доведе сточарите, или земјоделците во ситуација да набавуваат скапа храна, а од друга страна да даваат производи по евтина цена. На крајот на краиштата, Владата во целата оваа ситуација се однесуваше незаинтересирано и тука не видовме ниту една мерка пред време како ќе се справиме со оваа криза која директно се одразува на стандардот на граѓаните. Знаеме дека се покачи цената на зејтинот, веќе има најави и над 100 денари да биде еден литар зејтин, се зголеми цената на месото, се зголеми цената на јајцата и на голем број прехранбени артикли. Значи зборот ми беше... Колеги, вие до сега зборувавте за иднината како 100 милиони ќе вложите. Сега не сакате да слушате како вашата Влада згрешила во справувањето со кризата со храна. Јас знам дека не е на дневен ред. Господине претседателе, ве молам смирете ги колегите, ако имаат реплика нека се јават за реплика. И како резултат на незаинтересираноста на Владата за решавање на овие проблеми, сега сите основни прехранбени артикли во Република Македонија поскапеа за повеќе од 30 до 50%, Значи, политиката во земјоделието на оваа Влада е промашена, бидејќи политика се води на цени од основниот артикл, од пченицата, од пченката, од јачменот. Додека ако тука се направи добра стратегија, ако се направи добра политика на обезбедување на доволни количини, што оваа Влада не го направи, после тоа по принципот на врзан синџир едно на друго се надодава и цените се зголемуваат. И сега ние може овде да зборуваме дека сме дале волку пари, толку пари, но граѓаните на крајот ќе купуваат поскапи производи и сите овие помошти и субвенции доколку навреме се интервенирало ќе имале поголемо значење за земјоделците не да дојдат сега во ситуација да преживуваат, туку во ситуација можеби да размислуваат и за развој. Затоа да не брзаме со вакви паушални оценки и со изјави од типот: нашата Влада толку пари одвои, бидејќи земјоделието е една посебна област во Република Македонија која што бара посебна стратегија. Јас не сум стручњак во оваа област, но од она што и јас контактирам со земјоделците, факт е дека проблемот е тука. Ние не треба да ги гасneме пожарите од кога ќе се случат, туку да преземеме превентивни мерки за да не дојде до вакви ситуации и помошта која што ќе ја добијат земјоделците добро е да се зголемува секоја година и да биде за развој, а не да биде за опстанок, или за преживување на истите. Затоа мислам дека оваа година можеме комплетно да прогласиме промашена година за политиката во земјоделието, а тоа директно ќе се одрази на стандардот на граѓаните и мораше Владата да испадне со такви мерки, која што ќе вика дека ќе одвои толку средства и дека ќе ги зголеми толку платите. Мислам дека работата е малку посериозна отколку што така се дискутира.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина би сакал да му реплицирам на колегата, но и на другите пратеници од СДСМ во врска со расправата која се одвива за средствата кои ги доделува оваа Валда, бидејќи тие средства сеуште не дошле до нашите земјоделци, или сточари, ниту до нашите пензионери. Но, еве, оваа Влада се рекламира во идните години што ќе направи. Добро е да им даде надеж на граѓаните.

Мојата реплика е до пратениците од СДСМ дека не треба да се лутат за сето ова од причина што оваа Влада и пратениците на парламентарното мнозинство кои се фалат, а посебно оваа Влада треба да му направи еден споменик на

поранешниот министер за финансии на господинот Никола Поповски кој заедно со поранешната Влада ја наполнија државната каса и сега се разбира дека оваа Влада ветува, или доделува средства кои ги прибрал некој друг. Една народна поговорка вели: "пари кои ги заработил друг, лесно е да се трошат". Така што да даде Господ овие средства навистина да стигнат до нашите земјоделци и сточари. Но, според мои информации кои ги имам од теренот, овие средства ќе завршат во приватни џебови, а не до земјоделците, или сточарите, или до тие кои навистина заслужуваат да ги добијат овие пари.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Ние не се лутиме на Владата што одделува средства, туку се лутиме на начинот на кој што го прави тоа, притоа не нудејќи програми и видувања за што ќе се потрошат средствата, а упорно сака да се претстави дека ова е спасот за земјоделието. Значи, факт е дека ние не знаеме сеуште за што ќе ги трошат тие пари. Добро е вие што рековте дека пари кои што ги заработил друг, лесно е да се трошат. Ако навистина сакаат да им помогнат на земјоделците, оваа година беше можност да докажат дека навистина мислат на нив. Значи, сега треба да понудат и ослободување од плаќање на концесија, бидејќи луѓето немаат приноси, да им овозможат оваа година да ја поминат без да платат концесии за да можат да се подготват за наредната година со поквалитетен семенски материјал и заштита за да остварат повисоки приноси.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Значи, денеска немаме тема на дневен ред, односно точка на дневен ред: Состојби во земјоделието во Република Македонија, имаме друга точка. Но еве колегите решија да разговараат за состојбите во земјоделието во Република Македонија. Мислам дека е несериозно, дури и смешно на овој начин да зборувате за земјоделието од две причини. Прво, треба да видите што направивте како Влада поради што ги изгубивте изборите. И второ, треба да видите што прави оваа Влада, веќе кога сакате да ја отварате темата.

Почитуван колега, за разлика од вашите 6 милиони за земјоделие, во наредните три години ќе се потрошат 215 милиони за земјоделие, ги знаете бројките 45 милиони во 2008 година, 70 милиони во 2009 година и 100 милиони во 2010 година. Сто милиони и 6 милиони не е ито, 6 и 100 не може да биде исто, како што не е исто црно и бело, така 6 и 100 не се исто.

И кога тоа ќе го прифатите во вашата дискусија тогаш можеме да разговараме.

И втора работа по однос на вашата загриженост за земјоделието ваш министер за земјоделство беше Славко Петров, Славко Петров беше министер за земјоделие, адвокат кој што веројатно земјоделци и земјодели видел само на тлевизија.

Така што од таа позиција да говорите за земјоделието во најмала рака е смешно, а уште повеќе начинот на која ја водите дискусијата веројатно треба да значи дека оваа Влада треба да направи договор дури и со Господ да нема суша, да нема невреме или можеби да поканиме индијанец во Владата да прави магии да заврне дожд. Во таа насока ја водите дискусијата и затоа ја банализирам на овој начин вашата дискусија. Значи, ќе повторам 6 и 100 не е исто и Славко Петров беше министер за земјоделие. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колега, Александар, прво вие не понудивте ниту еден аргумент на мојата дискусија. Значи, точно е дека 6 и 100 не се исто ама 6 и 100 во 2003 и 2010 година не се исто. Значи, ако знаете малку екомомија ќе сфатите што зборуваме. Значи, не се исти парите, не вредат сега толку и по седум години не вредат толку.

А околу политиката, прашајте го заменикот министер ќе ви објасни, а околу другите работи, значи повторно ќе речам вие лицитирате со средства. Никогаш досега не сте лецитирале со програми и со планови, а праксата на терен покажува дека политиката ова време ви е промашена.

А за Славко Петров вие водете си грижа каков министер за земјоделие бил или не бил. Вашата политика оваа година не дава резултати.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници од Министерството за финансии.

Јас ќе ја почнам мојата дискусија со констатација на колегата Николовски, дека и било тешко на нашата Влада затоа што имало ова лето суша, не можеле да направат договор со Господ.

Владата треба да е извршна власт и да ја води државата и во суша и во дожд. Да потсетам дека зимото беше многу топло и одеше во прилог на новата Влада. Зимото беше изузетно топло така да електричната енергија и нејзиниот планиран увоз не се реализира бидејќи некој друг одеше во прилог на тоа и сега да видиме во состјби на суша како понатаму ќе се раководи и управуваат тековите на државата.

Факт е дека сегашната влада наследи од претходната, посебно благодарение на тогашниот министер за финансии Никола Поповски, полна каса. Факт е дека Буџетот беше преполн и дека во тие услови лесно се работеше, лесно се раководеше државата

Втор факт е дека денес на дневен ред имаме три точки во кои Собранието треба да донесе закони

за задолжување на Република Македонија. Поточно втората точка е Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија за заем кај Меѓународната банка, третата точка е задолжување на Република Македонија пак кај Светска банка, за првиот закон е за развојна политика, вториот за олеснување на трговијата и транспортот и четвртата точка која моментално е на дневен ред е задолжување на Република Македонија кај Меѓународна банка за обнова и развој, Светска банка по договор за заем за проектот за зајакнување на земјоделието.

Дали овие нови задолжување на Република Македонија значат дека веќе ги потрошивте парите во Буџетот кои ги затекнавте. Дали тоа треба да значи дека полната каса е веќе испразнета. Впрочем, сведоци сме дека на големо се трубеше пред само неколку месеци дека предвреме се исплаќаат долговите, дека кредитите кои ги има земено нашата држава Република Македонија ратите се отплаќаат неколку години однапред.

Меѓутоа, нешто нелогично се случува деновиве. Од една страна враќате кредити, порано, од друга страна денес повторно се задолжуваме за камати нови. Нема елементарна математичка логика, господин заменик министер во вакви техники, нема елементарна математичка логика од една страна да враќаш кредити пред време, а од друга страна повторно да се задолжуваш. Јас сум сигурна дека вечерва нема да излезе премиерот на Република Македонија да држи прес со цела Влада позади него и да ја извести македонската јавност дека Република Македонија се задолжува со три нови кредити. Тоа не е популарно кај народот, народот сигурно ќе праша, а зошто ги враќавте пред време, зошто тие пари не ги усмеривте на овие активности. Објаснувањето ваше дека ќе се добиеле помали камати, дека ве слушав внимателно, само приказни за мали деца.

Ние ги гласавме овие закони, менаџирајте со Буџетот како умеете и како знаете, меѓутоа тоа мора народот да биде известен со неговите пари, бидејќи Владата има мандат да управува со парите на народот како менаџирате и како управувате.

Сведоци сме исто така деновиве дека стасаа за отплата на ратите од тајванските кредити. Сведоци сме дека кредитите што ги зимаше Владата на Љубчо Георгиевски, односно на ВМРО-ДПМНЕ во претходниот мандат од 1998 до 2002 година и кој ги искористија знаеме како партиските челници на партиите на власт, грејс периодот помина и сега целата држава односно целиот македонски народ ќе ги враќа. Ако вие ги потрошивте парите кои ги наследивте од полната каса на Буџетот повторно ќе се задолжувате.

Мислам дека денешниве кредити се само капка во идните задолжувања на Република Македонија само капка повторни земање на кредити кои ќе ги враќаат некои други влади. Лесно е со куп пари, посебно кога ќе стигне целиот кредит да се управува. Лесно е да се фалиш ќе дадам волку на овој, толку на овој, толку таму, но не е домаќински. Имаме семејства во Република Македонија всушност и целата држава е како едно семејство кој земаат кредити кога пуштија банките кредити пред две години. меѓутоа ги потрошија луѓето парите, почнаа да ги отплаќат ратите на кредитот повторно немаат средства, ајде ги враќаат на банките се задолжуваат нови кредити и така постојано додека ги истрошија кредитно способните средства од нивните плати.

Имавме многу примери од вработените, да јас доаѓам од јавно претпријатие каде луѓето, вработените кога се пушија кредитите сите се залетаа и земаа кредити. Недомаќините постапија токму така. Ги потрошија парите од кредитот, после една година ајде повторно им треба кредити па земаа повторно кредити и се понатаму спиралата на кредитот и на задолжувањата се вртеше додека не се изнемоштата вработените. Додека не останат без пари. Знаете, кога ќе дојдат многу пари во Буџетот на семејството се користат и за непотребни работи

Е нешто слично се случува и сега и сигурна сум повторно ќе повторам ќе се случува и понатаму. Многу лесно е да се зимаат кредити за кои гарант е државата, многу лесно е потоа да се трошат кредитите на разни партиски активности тоа сум повеќе од убедена, а да ги враќа некој друг. Ова не води никаде, народот ќе седи, народот ќе гледа и ќе суди. Повторно сакам уште еднаш да кажам дека денес имаме три точки на дневен ред за задолжување на Република Македонија со кредити кај Меѓународната банка за обнова и развој, од три основи, а пред само неколку месеци се фалеше нашата Владата дека предвреме ги враќа ратите на веќе земените кредити, ратите кои достигнувале дури и до 2020 година.

Не знам дали ќе одговорите зошто наместо да враќате предвреме доспеани рати за кредит, не ги дадовте тие средства за овие намени за кои денес имаме точка 2 и 3 се задолжуваме, туку мораше да се земаат овие кредити или зошто барем едниот точка 4 кредитот за средства за зајакнување на земјоделието не го дадовте од Буџетот на Република Македонија. Зошто мораше да се задолжува нашата Влада. А да не спомнуваме дека 2007 година се промашија предпристапните фондови за земјоделието кои требаше веќе да бидат ефективни, ефектиурани од страна на Европската унија кон Република Македонија пак по заслуга односно поради неспособноста на Министерството за земјоделие и на оваа Влада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Чинам дека господин Игор Ивановски не е тука.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по договор за заем на

проектот за зајакнување на замјоделството и пристапување.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата зошто ќе пристапиме кон гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да  пристапиме кон гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места зошто наскоро ќе гласаме.

Ги повикува службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што наскоро ќе пристапиме кон гласање.

(Пауза за ручек до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,02 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем за Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник.

Сите 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници во салата, гласале 59, за гласале 58, 1 гласал воздржано, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договор за заем за Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување.

**Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот 25 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во  Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законото?

Молам, кој бара збор?

Прв за збор се јави министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Предлогот за донесување  на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, со Предлог на закон е дел од Програмата и од пакетот на закони за усогласувањето на законодавството во Република Македонија со европските стандарди и со меѓународните норми. Значи основен мотив за предлагање на овој закон е усогласувањето на Законот со дополнителниот протокол на Европската конвенција за пружење на меѓународна кривично правна помош во кривичната материја. Значи, Законот пред се го уредува прашањето за сослушување на сведокот, за сослушување на загрозениот сведок, односно за сослушување на сведок со прикриен идентитет, сведок со изменет начин на сослушување, со изменет глас, со изменет лик, сведок под псевдоним токму поради тоа што ова е дел од дополнителниот протокол на Меѓународната конвенција, бидејќи сите ние знаеме дека се повеќе кривичните дела, особено организираните облици на кривичните дела се повеќе се потешко се докажуваат со оглед на тоа дека се врши определено влијание на свидетелите. И секако дека заради успешно докажување на овие кривични дела е неопходно да се обезбеди и сослушување на овој начин. Република Македонија веќе има создадено технички можности за сослушување преку видео конференции, преку технички средства и

помагала кои што треба да обезбедат сослушување на загрозен сведок и програма на заштита на сведоци согласно Законот за заштита на свидетели. Значи, тоа е еден дел од прашањата што ги уредува законот.

Вториот дел од прашањата е прецизирањето на условите под кои може да се нареди преземање на определени истражни мерки и тоа само во текот на предистражната постапка само со наредба на Јавниот обвинител и со наредба на истражниот судија, ако е истрагата само со наредба на истражниот судија, значи кога кривичните дела се сторени од софистицирана група, организирана криминална група од злосторничка организација. И Законот потоа ги определува точно кривичните дела за кои можат да бидат преземени вакви посебни истражни мерки. А основниот критериум е, ако за кривижно дело биде пропишана казна затвор од најмалку 4 години. Тоа значи дека се однесува примената на овие мерки за најтешките кривични дела, како што се кривичните дела трговија со дрога, трговија со луѓе, криумчарење на мигранти, терористичка организација и други кривични дела кои што се подробно наведени во Законот за кривичната постапка.

И уште една измена која што е од практични причини. Имено во членот 32 став 1 од Законот за судовите е предвидено дека во судови се формираат посебни одделенија за гонење на дела на организираниот криминал. Меѓутоа, во членот 32, или во Законот за судовите воопшто не е уредена надлежноста на одделението за организиран криминал, практично кои кривични дела ќе се судат од тоа одделение и на кој начин ќе се постапува во примената на одредбите од Законот. Поради тоа во членот 21 -А се предвидува да се определат кривичните дела, поименично да се определат определени кривични дела покрај тоа што за кривичните дела е пропишана казна затвор од најмалку 4 години сторени од организирана криминална група, злосторничка организација итн, таксативно се наброени поедини кривични дела. Со оглед на тоа дека Законот за судовите не ја определил надлежноста на ова одделение за судење на делата на организираниот криминал очигледно законот оставил тоа прашање да се уреди со друг закон. И еве, сега се уредува со Законот за кривичната постапка, бидејќи Законот за кривичната постапка во членот 21 го уредува прашањето за стварната надлежност и прашањето за месната надлежност на судовите, на ист начин како што во членот 22 го уредува прашањето за надлежноста и постапувањето на судијата поединец, или на советите во судовите.

Сакам да ви кажам дека ова се првите измени на Законот за кривична постапка кои што се најнеопходни сега. Меѓутоа, сакам да ве информирам почитувани пратеници, дека Владата веќе усвои стратегија за реформа на казненото законодавство, веќе таа беше на експертска расправа и веќе се пристапува кон подготвување на нов закон за кривична постапка и позначајни измени и дополнувања на Кривичниот законик. Заправо сега тоа ние ќе го работиме како што е веќе известена и јавноста, ќе го работиме со користење на експертска помош од странство, од Германската влада, од Министерството за правда на Сојузна Република Германија. Сакам да ве информирам дека заправо сега за една минута во Министерството за правда треба да започне работна средба на двајца експерти од Министерството за правда на Сојузна Република Германија и амбасадорот господинот Бред кој што ќе ги придружува и во врска со договорите што ги имаме со министерот за правда на Сојузна Република Германија. Значи, експертска и друга стручна помош што треба да ни ја пружат, заради тоа што нашето кривично законодавство е застарено. А сега ги вршиме само оние измени кои што се најнеопходни за уредување на овие норми што се однесуваат на заштита на сведоци и загрозениот сведок и оние прашања за кои што се оценува дека е неопходно да бидат уредени.

Има само еден амандман на овој Законо кој што е поднесен на членот 21-А, тоа е новиот член со кој се уредува надлежноста на одделението. Првиот амандман е членот 21-А да се брише, заради тоа што тоа треба да биде уредено со Законот за судовите, а јас кажав дека тоа во Законот за судовите не е уредено, оставено е да се уредува со друг закон и се уредува со овој закон.

Вториот амандман исто така се однесува на членот 21-А каде што се даваат определени сугестии за изменувањето на вредностите од поголема вредност, незначителна вредност итн. Значи и самите предлагачи на амандманот оставаат определена алтернатива, оставаат простор за компромис против кој што може да се најде во амандманот два на членот 21-А.

После ова излагање заменикот министер за правда ќе остане во салата, а јас ви се извинувам заради тоа што треба да заминам на средба со овие експерти кои што дојдоа од Германија да ни пружат експертска и стручна помош, а после 30, 40 минути повторно ќе се вратам во Собранието за натамошна работа по закони. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам господине министер.

Продолжуваме со расправа.

Повелете, три минути процедурално има пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, мислев дека вие сега ќе дадете пауза кога министерот рече ќе отсуствува ...

(Дофрлање од место)

Не, не, добро.

Јас знам дека колешката Дулиќ е загрижена за испитување на животните патишта на СДС, пратеничката група што ...

**Иван Анастасовски:** Ве молам да ја оставиме колешката.

**Јани Макрадули:** Па тогаш спречете да не дофрлуваат вакви, нека има ред и нека не дофрлуваат.

**Иван Анастасовски:** Повелете со вашата процедурална забелешка.

**Јани Макрадули:** Тоа е со оглед на годините и им личи на некои луѓе, што да правиме.

Барам еден час пауза за стенограмот. Мислев да побарам половина час, но сега очигледно ќе треба повеќе да расправаме. Барам еден час пауза да се добие стенограмот од министерот.

**Иван Анастасовски:** За стенограмот. Добро, и деловничка можност да дадеме пауза по договор, меѓутоа се работи за стенограм што претпоставувам дека за 40 минути најмалку ќе биде изготвен.

Објавувам пауза од 45 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,25 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата ќе продолжиме со работа.

Бидејќи на екранот е пријавен министерот за правда, тој и рече дека во наредните 40 минути од пред паузата нема да биде присутен во салата, гледам дека не е тука, би замолил да го исклучите министерот.

Благодарам, продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот господине потпретседателе.

Сега имаме формално деловнички, ситуацијата е чиста, имаме претставник на Владата за овој закон, тука е заменикот министер. Меѓутоа, сепак една од причините поради која што побаравме и оваа пауза беше и е да го добиеме стенограмот на министерот за правда, господинот Маневски, кој пред Собранието, како претставник на Владата го брани овој закон и кој даде воведно образложение. Би било добро, поради текот на расправата да биде присутен самиот министер и имајќи превид ова што вие господине потпретседателе го потврдивте дека и самиот министер најави додека трае оваа пауза дека тој ќе ја заврши неговата протоколарна обврска и ќе биде присутен на седницата.

Како и да е, ние сме принудени во ваква ситуација да дискутираме по законот, но и да полемизираме со образложението на министерот, да ги соочиме аргументите. Меѓутоа, за жал опозицијата нема да биде удостоена со одговор од страна на самиот министер кој, за жал, и овој пат, бидејќи се работи за исклучително важен реформски закон за кој Владата, министерот, премиерот велат и се повикуваат дека треба што побрзо да бидат донесени како приоритет од европската агенда, министерот и покрај таквиот став на Владата, секогаш му е нешто друго поважно од Парламентот, како највисок законодавен дом, каде што треба да ја брани политиката на Владата и овој закон. Затоа не е во ред што е отсутен министерот. Се надеваме дека ќе му бидат пренесени дел од нашите дискусии или, ако потрае дискусијата во текот на денот можеби ќе дојде и ќе се вклучи во истата.

Да преминам на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.

Ова е, по број на членови, краток закон, меѓутоа многу суштествен и многу важен во кој се уредуваат многу значајни прашања. Не е спорен делот од образложението во врска со потребата од донесување на законот. Дека, за прв пат во Република Македонија се разработува постапката за заштита на сведоци, што е важен дел од исполнувањето на протоколите, препораките за усогласување со европското законодавство, како услов. Би рекол не само услов туку и потреба за Република Македонија.

Исто така и во делот на прецизирањето на примената на посебните истражни мерки во однос на тешките кривични дела за организиран криминал и слично.

Меѓутоа, спорни се други моменти што министерот, во неговото образложение само летимично сакаше да ги заобиколи, односно да ги прикаже како помалку важни, на кои што опозицијата има свои забелешки и врз основа на тоа го има изградено својот цврст став.

Веднаш на почетокот ќе го соопштам, пратеничката група на СДСМ нема да го изгласа овој закон и да го подржи овој закон од повеќе причини:

1.Сметаме дека формирањето на специјализирано судско одделение надлежно за судење на делата од областа на организираниот криминал, што се востановува во членот 1, со кој се додава нов член 21-а од овој Предлог за донесување на закон, не му е местото во Законот за кривична постапка.

Имено и самиот министер во своето образложение, вели, цитирам: “по членот 32 став 1 од Законот за судовите е предвидено дека во судовите се формираат посебни одделенија за гонење на организираниот криминал”. Значи, тоа е предвидено во Законот за судови, а не во закон за кривична постапка. Тоа е едно.

Понатаму, министерот продолжува “во членот 32 од Законот за судовите воопшто не е уредена надлежноста на одделението за организиран криминал, практично кои кривични дела ќе се судат од тоа одделение и на кој начин ќе се постапува во примената на одредбите од законот”. Па понатаму “Поради тоа (вели министерот) во членот 21-а (што за нас е спорен) се предвидува да се определат кривичните дела поимено и да се определат определени кривични дела покрај тоа што за кривичните дела е пропишана казна затвор од најмалку 4 години и т.н.”.

Значи овде има најмалку два крупни недостатоци:

Прво, не може, според министерот, со Закон за кривична постапка, значи зборуваме за постапка, да се определуваат кривични дела, туку за тоа министерот мора да интервенира во Кривичниот законик, во материјалното право.

И, втора работа, овие, дури дел од овие кривични дела и воопшто не постојат како кривични дела. Во моментов не се ни дефинирани во Кривичниот законик. За тоа можеме да зборуваме понатаму, како што е кривичното дело - кривични дела недозволена трговија со акцизни стоки и т.н. Такво формално кривично дело во Кривичниот законик не постои.

Ако сака, прво минситерот и Владата, да ја спроведе оваа реформа: прво треба да и го најде местото. Законот за кривична постапка не е тој пропис, што треба да ги содржи овие рпашања.

Второ, втора крупна работ апоради која не можеме да дадеме подршка на овој закон, а не како што вели министерот на крајот од образложението, тој да си ги толкува ставовите на СДСМ затоа што имаме поднесено два амандмани на овој член па дека наводно, најавува дека ќе прифател, па сака да се пазари со опозицијата, па да прави отстапки и со тоа да си ја покрие работата и да добие подршка од опозицијата, од позиција н апомал отпор. Таква политика, такво водење на политиката, особено кога се работи за вакви значајни реформски закони што се од интерес за Република Македонија, пред се за ЕУ Агендата, но и кон реформирање на нашето правосудство и нашето кривично законодавство, СДСМ нема да прифати. Нема да прифатиме пазарење, уцени, договарања и слично, нешто што не е базирано на политички дијалог. Нема да прифатиме нешто што не е резултат на политичка волја на Владата да ги вклучи сите релевантни политички партии во Собранието, сите релевантни експерти, институции, научна јавност и т.н. Ова е малку поширока работа и проблематика бидејки се работи за државен интерес. Еден од пакетот закони од кој зависи, заедно со законите за избор на Судскиот совет, заедно со Законот за управни спорови и Јавно обвинителство, од кои зависи и мислењето што ќе го добиеме во октомври од Европската комисија.

Ваков неодговорен и инаетчиски пристап на Владата, без чувство за договарање со опозицијата, во смисла на постигнување на политички консензус, а од друга страна со играње на ситно, со пазарења, само со некои понуди да си ја завршат крупната работа, а крупната работа за жал, се сомневаме и тоа е една од крупните причини поради кои што не ја даваме поддршката е дека овој Закон за измена на кривичната постапка, заедно со законите што ги набројав за обвинителството, за изборот на Судскиот совет и за управните спорови, всушност не и целта на Владата продлабочување на судските реформи, туку приоритет, што е погубно за Република Македонија е да се искористи времето кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт до крај, односно по секоја цена да се обиде да ги партизира правосудните институции: Обвинителството, Судскиот совет, да си создаде услови преку овие закони, преку овој закон за процес на кривична постапка да може таа партизација и таа своја партиска политика д аја применува во праксата преку различни политички притисоци на поединци, институции и т.н.

Во тоа ние ја гледаме позадината односно скриената политичка намера што Владата сака да ја прикаже како голема реформа, меѓутоа за жал не е така.

За жал, имаме ситуација ког аи министерот за правда и на комисиите што ги имавме минатата недела ког адебатиравме за овие закони, сака да произведе чувство во јавноста дека кој не е за подршка на вакви закони, независно од тоа кои решенија ги содржат, значи кој ќе се спротивстави на мислењето на Владата, без разлика дали е правно стручно издржано, дали е усогласено со други закони, со принципите на правната држава, со Уставот и т.н., дека тој не ја подржува борбата против криминалот и корупцијата.

Не е така. Мораме да погледнеме и стручно и политички што се крие зад ваквите предлози и намери на Владата.

Во членот 21-а кој денеска го добивме како нов член односно Владата го додава како нов член штопредвидува дека специјализираното судство надлежно одделение ќе суди дела од организираниот криминал, не е оваа одредба усогласена со Законот за Јавното обвинителство, со Предлогот на законот што е веќе во процедура и што е на оваа седница. Не може министерот и Владата да сметаат дека на овој начин, со тоа што ќе предвидат вакви одредби, дека тие можат да егзистираат самостојно, а не во корелација и неусоглаеност со Законот за Јавно обвинителство. Вакво нешто не се предвидува во тој закон. Затоа и нашата забелешка и во процесот ког асе остваруваат средбите з аусогласување на текстот на Предлогот на законот за Јавно обвинитеслтво, дека власта ја потценува опозицијата, мисли дека со силата на мнозинството може да си ги донесе овие закони.

Тоа е погрешен пристап, затоа што не овозможува транспарентност, не овозможува сондирање на искуства, мислења, сондирање на праксата, мислењето на институциите што ги применуваат овие закони и што ги спроведуваат.

Не може Владата да мисли дека само таа и откако ќе ги донесе законите, по нејзин диктат тие ќе се спроведуваат и дека по нејзин диктат ќе се толкуваат. Имено, не може, не поради тоа што овој закон, согласно Уставот се носи со двотретини, апсолутно не сакаме тука да поставуваме билокакви услови, за што претпоставувам дека би биле обвинети како опозиција.

Апсолутно, прашањето е принципиелно за аргументите за кои што претходно говорев. Кога во Законот за Јавно обвинителство немаме договор за крупните рпашања што се тесно поврзани со прашањата што ги регулира Законот за кривична постапка, не можете вие да постапите парцијално и на сила да го донесете овој закон без да имате јасн аслика за целината на пакетот на судски реформи што треба да бидат донесени.

Не може кога, не само опозицијата, ког аи самото Овинителство, за што ќе се однесува Законот за Јавно обвинителство во врска со структуирањето, организационата поставеност и стаусот и надлежностите, вели дека не е потребно посебно Јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, за борба против организираниот криминал и корупција односно дека е поефикасна борбата против организираниот криминал и корупција ако се остварува преку постоење на специјализирани одделенија во рамките на Јавното обвинитеслтво, што се разбира, во строго контролирана рамка ќе им се зајакнат надлежностите затоа што сите сме ова борба да се одвива строго согласно законот и да нема никаквио отстапки и компромиси и селективност што е манир на оваа Влада, што го прави токму спротивното. Селективно, со одредени политички притисоци, од друга страна со одредена политичка заштита на одредени лица коиу припаѓаат на владеачкото мнозинство и т.н.

Владата, воопшто не се ниту обиде да ги усогласи овие ставови пред овие решенија во овие закони, пред да ги пушти во собраниска процедура. И при тоа, секогаш не заборава во јавноста, дали премиерот, дали портпаролите, постојано да повторуваат дека овие закони, како и многу други кои не се донесени во Собранието, се всушност донесени и дека Владата не само што ја исполнува својата агенда и ветувања за предвремено донесување на законите со европска агенда, туку дека веќе и ја надфрлила таа Агенда. Се разбира дека не е така.

Не може Владата да смета дека Собранието е нужно зло и дека по дефиниција не смее да се спротивстави на идилата што владее на владините седници. Сепак, вистинското место за дебата, демократска дебата и основната функција на Парламентот е тука, пред јавноста да се соочат аргументите на различни политички партии.

Затоа, Владата само декларативно се залага за Европската агенда, а всушност сака во пракса да си ги спроведува своите партиски решенија и партиски политики преку судството, обвинителството и преку решенијата што си ги овозможува во овие закони.

Сега да не се навраќам на содржината на законите, на Законот за Јавно обвинителство, тоа го спомнувам затоа што е во корелација со овие решенија во членот 21-а во Законот за кривична постапка. Ќе зборуваме по точка 12 и 13 за тие закони. Меѓутоа, не може Владата во овој закон заедно со кривичните дела за кои предвидува да суди специјализираното судско одделение за организиран криминал и ги набројува. Рековме дека не им е местото тука, меѓутоа, еве конкретно. Кривични дела извршени од структурирана група, или злосторничка организација на територијата на Република Македонија, или други држави кога е подготвувано, планирано и тн. Кривични дела, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, кривични дела за производство и пуштање на наркотични дроги и психотропни субстанци, кривични дела криумчарење мигранти, кривични дела трговија со малолетни лица и други кривични дела. Значи, овде разговараме за кривични дела кои се особено тешки според објектот на заштита кои го регулираат, според битието на кривично дело, описот и начинот на кој се извршуваат и според општествената опасност која ја загрозуваат. Во сите овие кривични дела кои ги набројав Владата го предлага како организиран криминал му дава третман на кривичното дело злоупотреба на службената должност. И како образложение, сега за да бидеме до крај отворени, единствено го наведува аргументот како критериум дека и ова кривично дело според висината на казната е над 4 години, односно најмалку 4 години. Значи, кривичното дело злоупотреба на службена должност сигурно не се врши од злосторнички групи и структурирани здруженија, сигурно не се врши во странство, сигурно не се врши со тероризам, загрозување на безбедноста и уставниот поредок. Значи, според општествената опасност, според битието на делото сосема се разликува по тежината. И не може по никоја логика да спадне во оваа категоризација на дела на организиран криминал од овој тип на кривични дела кои се наброени. Иако четирите години казна не може да биде единствен изолиран критериум. Вие можете да го прикажувате како аргумент, меѓутоа не секогаш и законодавецот правилно, можеби треба да се интервенира во политиката на висината на казните, а не заради друго, туку за да се направи некоја градација и дистинкција, затоа што вака акоземеме да анализираме и други кривини дела можеби ќе спаднат под организиран криминал што по ниеден друг основ, по нивната суштина, општествена опасност и објект на заштита немаат никаква врска. Ние затоа и поднесовме амандмани. Ќе зборуваме конкретно, ќе се задржиме на тоа повеќе дека од наведените причини кои ги дискутирав и врз основа на кои го изградивме нашиот став за неподдршка на овој закон. Поднесовме два амандмани. Едниот е да се брише целиот овој член од овој закон и да се преработи и да се стави во оној закон во кој му е местото. Вака испаѓа дека спротивно на Законот за судови правиме преседан и со друг закон си определуваме ситуации какви и се по политичка мерка на Владата. Тоа не е добро за правилно функционирање на правната држава, правилна примена на правото и законите и неселективен пристап во борбата против криминалот и корупцијата. Значи, од сите овие наведен причини сметаме дека СДСМ не треба да го поддржи овој закон и нема да го поддржи и не само овој закон, вака ќе биде ставот уште од сега, бидејќи на истата седница се и законите за јавно обвинителство и Совет на јавни обвинители. Владата е одговорна да обезбеди, да го менаџира политичкиот процес за вака значајни закони и да обезбеди неопходен политички консензус. Владата нема осет, нема чувство за овие прашања и Владата сака на сила да ги донесе овие закони без консултации и без поддршка со опозицијата, а од друга страна средбите,

лидерските средби како што пред некој ден рече министерот, да се задскрива и да се покрива дека наводно е постигнат некој договор и дека наводно постои некоја усогласеност за да се прикаже Владата во што подобро светло и за да се прикаже за да ја обвини опозицијата дека ги блокира работите во Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Процедурално три минути за пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине Анастасовски. Во име на парламентарната група на Демократската унија за интеграција барам половина час пауза порди стенограмите што ги добивме, поради тежината што ја има овој Предлог-закон и следните закони и поради немање на координација било на ниво на парламентарните групи, било на ниво на координатори.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега, јас деловнички тоа ќе го направам, ќе ви дозволам пауза од 30 минути. А за немање координација, тоа е друга тема.

(Пауза 30 минути).

(По паузата седницата продолжи во 17,23 часот).

**Бесим Догани:** Продолжуванме со работа.

Процедурална забелешка има господинот Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе.

Јас би кажал во оваа моја процедурална забелешка некои ставови на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Во однос на излагањето што го имаше пратеникот Борис Кондарко и неговите забелешки на законот за измена и дополнување на Законот за кривична постапка како и на расправата на Комисијата за политички систем може да се искристализира еден став од опозиционите партии дека има забелешка само на членот 1 од Законот за кривична постапка. Нивното размислување е дека не е соодветно со овој закон да се утврди специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и доле се набројува за кои кривични дела. Има и поделено мислење во јавноста, дали во овој Закон за кривича постапка, или во Законот за судовите да се регулира оваа одредба. Лично и јас конкретно мислам дека можеби местото му е во Законот за судовите. И затоа би сакал господине министре за да може свој тек да заземе расправата по законот за измена и дополнување на Законот за кривична постапка пожелно е ние пратениците да знаеме по однос на амандманите кога ќе дојдат за изјаснување каков ќе биде ставот на Владата по однос на амандманите поднесени од пратеничката група на СДСМ. Знаеме дека има поднесено два амандмани и тие два амандмани се однесуваат на членот 1. Првиот амандман е за бришење на членот 1. Доколку се усвои тој амандман, отпаѓа вториот. И во тој случај доаѓаме во ситуација во која што буквално никоја пратеничка група, никој пратеник нема поднесено амандман по овој многу битен закон кој што ги регулира посебните истражни мерки. Знаеме дека се многу битни одредбите кои што се во членот 20 кој што ги регулира посебните истражни мерки и во однос на тоа е многу добро да знаеме Владата во однос на амандманот што е поднесен претходно да се произнесете дали и каков ќе биде вашиот став.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Вељановски.

Има збор господинот Михајло Маневски.

**Михајло Манески:** Јас и во излагањето по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка реков дека има само еден амандман, тоа е амандманот на членот 1, односно на новиот член 21-а, заправо два амандмана. Првиот амандман, членот 1 да се брише, односно да се брише членот 21-а со образложение дека практично ова прашање треба да се уреди со Законот за судовите. Значи и предлагачот на амандманот не го оспорува прашањето дека ова прашање треба да биде уредено. Сега е прашање дали треба да биде уредено во Законот за кривичната постапка, или да биде уредено во Законот за судови. Нема двојбеност за тоа дека, за потребата од уредување на ова прашање со оглед на значењето на Законот за кривичната постапка, измените и дополнувањата што се предлагаат, со оглед на тоа дека се работи за врзување на елементи кои што значат елементи од меѓународни конвенции за сослушување на загрозениот сведок, на заштитениот сведок и начинот на нивно сослушување и особено прашањата што се однесуваат на примената на истеражните мерки и мерките што ги пропишува Законот за кривична постапка, наредбата за примената на истражните мерки и тн. Со оглед на сето ова значење, Владата е спремна да го прифати амандманот и да се брише членот 21-а од законот за измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка и таа одредба да биде вградена во Законот за судовите кој исто така Владата веќе го утврди и кој што ќе дојде во собраниска процедура. Ги молам сите пратеници со оглед на значењето што го кажав, ја молам пратеничката група на СДСМ и на другите опозициони партии тргнувајќи од значењето за донесувањето на овој закон да се обезбеди овој закон да се донесе со оглед на сето тоа дека повеќе нема никаков амандман на законот. Бидејќи нема никакви други забелешки, освен оваа која Владата треба да ја прифати, законот да биде донесен со оглед на неговото значење не само заради нашата интеграција во Европа туку заради тоа што утре кога ќе се јавуваат, како што се јавуваат веќе државите за примена или на специјални истражни мерки, за следење на испорака на роба, кога се однесува на примената на мерките за загрозениот сведок кои ние не можеме да кажеме сега кога ќе ни се обрати на пример Франција, или Германија, или Белгија, не

е битно кој, ќе се обрати до нашите судски власти да се сослуша еден загрозен сведок и да се применат некои истражни мерки, ние да кажеме: да ние ја имаме ратификувано конвенцијата, меѓутоа го немаме тоа вградено во законот. Еве сега ние го уредуваме тоа во законот. И уште еднаш ве молам законот за измени и дополнување на Законот за кривичната постапка да биде донесен од Собранието, бидејќи повеќе нема ниедно прашање што е спорно и на кое треба понатаму да се дебатира, или да се разговара. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Три минути процедурална забелешка господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Значи, сега во Парламентот имавме една малку необична ситуација кога за амандман поднесен од опозицијата од СДСМ пратеник од владеачкото мнозинство дебатира како би сакал да изгледа законот и притоа му се обраќа на министерот, на владиниот претставник да се произнесе дали ќе го прифати амандманот. Значи, овде ако е некој заинтересиран за амандманот, тоа е подносителот на амандманот. Во ред, формално нема ништо необично. Меѓутоа, намерата која е? Џабе молите министре, малку касно се сетивте. Значи, го кажавме нашиот став, реформата во судството, во обвинителството е малку послoжена работа и посериозна работа отколку измените во Законот за кривична постапка. Без разлика, јас кажав, дали ќе го прифатите или не, амандманот кој е суштински за Законот за кривична постапка, меѓутоа не ги решава проблемите на неусогласеност со клучните прашања за кое е потребен поширок политички консензус помеѓу власта и опозицијата, затоа што се работи не само за извештајот за ЕУ агендата, туку и за вкупните реформи. Значи, посериозна е работата отколку проста партизација на судството и обвинителството. Затоа уште еднаш ви повторувам, без разлика на алудирањето на пратеникот Вељановски кон вас, без разлика на вашето јавно објавување дека ќе го прифатите амандманот, дискусијата ќе тече и понатаму. Овој закон не може да го сметате издвоен од пакетот за пристапот кој го има Владата за реформи на судството и обвинителството. И ние нема да ја дадеме поддршката за овој закон без разлика на вашата наводно добра волја. Затоа што во почеток ги поставивте лошо работите, затоа што овој закон не е усогласен со решенијата во Законот за јавно обвинителство, затоа што сакате наместо реформи да направите партизација на судството и обвинителството.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Процедурално се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретсеателе. Јас всушност сум и на ред за дискусија, односно да се изјаснам по овој закон. Меѓутоа, гледаме дека само пред неколку минути дојде до еден пресврт во ситуацијата. Почитуван потпретседателе, почитуван министер за правда, ова што сега се случи говори за еден несериозен пристап за многу значаен закон, не толку можеби само поради тоа што овој закон е самиот по себе суштински има значење, туку и поради тоа што е многу важен од агендата која што треба да е дел од приоритетите на агендата што треба да ја исполниме за нашата интеграција во НАТО. Меѓутоа, очигледно повторно се демонстрира начинот на кој се одвиваат работите во овој Парламент, односно неусогласеноста на парламентарното мнозинство со опозицијата. А овие исти забелешки пратениците од опозицијата од СДСМ и ЛДП ги имавме и на комисиските расправи. Сметам дека ќе беше многу поумесно уште тогаш, или самата Комисија за политички систем, или Законодавно-правната комисија да поднесеше амандман кој што амандман ќе дадеше согласност тогаш министерот и ќе беше веќе составен дел од самиот закон и ние можеби поинаку ќе ги конципиравме нашите дискусии и не само тоа, што е уште поважно, можеби и ќе се постигнеше согласност за овој клучен закон дотолку повеќе што овој закон се носи со 2/3 мнозинство. Уште еднаш прашувам, дали навистина на Владата и на парламентарното мнозинство им е значајно да имаме вистински реформи во правосудниот систем, или сакаме само да бидат поставени на дневен ред и потоа да имаме алиби за нашиот неуспех, односно за неуспехот на Владата, да ја обвиниме опозицијата како што се случуваше и до сега.

Мојата процедурална забелешка можеби овде е најдобро почитуван потпретседателе да ја прекинеме дебатата по овој закон и да видиме како понатаму ќе постапуваме по закони кои што треба да бидат приоритетни, затоа што реков, во судските реформи имаме голем застој, на тоа ни укажува и Европската комисија, на тоа ни укажуваат всушност сите оние кои што излегува дека повеќе од нас се заинтересирани за нашата интеграција во НАТО и Европска унија.

**Бесим Догани:** Процедурално, госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, навистина морам да кажам дека сум запрепастена од односот на опозицијата, бидејќи пред малку слушнавме дека овој закон е многу битен, дека забелешките кои што ги дава опозицијата се на место и така е. Токму заради тие причини министерот, слушајќи ги аргументите на опозицијата излезе и имаше величина да каже: да, во право сте, еве наместо да биде во Законот за кривична постапка оваа одредба за одделенијата за судење на дела од областа на организираниот криминал, тоа ќе биде во Законот за судови. Значи тоа беше фактички барањето на опозицијата. И наместо да бидете задоволни што благодарение на вашето укажување се направи една квалитетна промена во Законот за кривична постапка, повторно се зборува дека некој сака да ги кочи реформите, дека само зборуваме за

реформи, а правиме нешто обратно, не сакаме да ја слушаме опозицијата и нејзините аргументи. Па јас не знам што е друго слушање на аргументи и каде ние можеме на друго место да ги вкрстиме нашите аргументи, нашите различни ставови, размислувања и овде слушајќи се едни со други да изнајдеме начин да донесеме најдобри можни законски решенија. Нема поубаво место и единствено место токму овде Парламентот е тоа место каде што секој од нас може да ги каже своите аргументи и да ја предомислиме и извршната власт и парламентарното мнозинство и сите пратеници во овој Парламент што е најдобро решение да биде вметнато во законот. Тоа треба да не радува сите, а не да се чувствуваме запрепастени од прифаќањето на еден амандман. Јас не можам да разберам зошто не може пратеник од парламентарното мнозинство да се приклучи на амандман на пратеник од опозицијата и тоа да биде чудно. Навистина до сега ни е прв пат во овој Парламент парламентарното мнозинство прифатило амандмани на опозицијата. Зошто тоа да не биде и за еден толку важен закон како што е Законот за кривична постапка. Јас повеќе не гледам разумно образложение за ставот на господинот Кондарко дека и понатаму сега ние ќе продолжиме по дискусиите и со укажувањата дискусиите понатаму ќе течат, ние нема да дадеме поддршка. Зошто нема да дадете поддршка ве молам кажете на македонската јавност. Имате само два амандмани. Овие два амандмани ги прифати министерот, кажа дека ќе се најдат таму каде што барате вие да бидат, во Законот за судови. Сега што? Која е причината да не го прифатите овој закон? Па нели заеднички се деклариравме дека сме за судски реформи. Навистина е несфатливо ваквиот начин на однесување. Јас не знам дали е поважно да ги носиме законите од европската агенда, или нашите суети меѓу себе да ги лечиме.

**Бесим Догани:** Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе. Во истата оваа насока во која што говореше и колешката Бонева, јас укажав и дадов еден предлог. Меѓутоа, очигледно дека предлогот или не беше разбран или не се сакаше да се разбере. Почитуван потпретседателе, овие работи се многу значајни и мислам дека сега имаме прво нарушена процедура од она што се случуваше во Парламентот. Јас немам забелешки на тоа како, кој, што предложил, но навистина има процедура, има Деловник кој што треба да го почитуваме. Токму поради тоа, добро е што можеби министерот имаше доблест и кажа дека ќе го прифати амандманот на опозицијата и тоа навистина е чекор напред кон усогласување на ставовите. Но, за да се добие 2/3 мнозинство дотолку повеќе што за овој закон е потребно и Бадентеровото мнозинство. Јас предложив, бидејќи и така немаме уште многу време, имаме уште дваесетина минути само од оваа седница, значи не се губи многу кога би имале уште неколку часа, можеби предлогот ќе се смета за неумесен, да седне парламентарното мнозинство со опозицијата да ги усогласат ставовите и да видиме како ќе продолжиме во понатамошната дебата можеби и на политичките партии од опозицијата им треба време со една видно изменета ситуација да ги донесат своите одлуки како понатаму ќе ја конципираат својата дискусија по однос на овој закон. И што е уште поважно како ќе се изјаснат при неговото донесување. Вие овој предлог воопшто не го земавте во предвид и затоа јас имав потреба повторно да го кажам ова што пред малку ви укажав. Мислам дека е најдобро за да покажеме конструктивност во работата ова да го земете во предвид.

**Бесим Догани:** Јас се согласувам дека седницата има само уште дваесетина минути. Јас предлагам да би искористиме овие 20 минути. Утре ќе имаме седница за пратенички прашања, во петок имаме седница за Интерпелација на работата на претседателот на Собранието, така што партиите ќе имаат време да седнат и да разговараат ако има волја и желба за тоа. Така што мислам да ги искористиме овие 20 минути за дискусија од која дискусија нема да има никаква штета. Ако сакате може вашиот предлог со поддршка од 10 пратеници да го ставиме на гласање, но мислам дека нема потреба од тоа.

Тогаш, ако имате поддршка од 10 пратеника ќе го ставиме на гласање вашиот предлог. Има поддршка од 10 пратеници.

Тогаш, предлогот на госпоѓа Роза Топузова Каревска тука да ја прекинеме седницата за да можат партиите да се сретнат и да разговараат околу настанатиот проблем.

Предлогот на госпоѓа Роза го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број на пратеници гласале 51 пратеник, 35 гласаа за, 1 воздржан, против 15.

Констатирам дека предлогот на госпоѓа Топузова не се прифати, или не помина.

Затоа ќе продолжиме до крајот на работното време со дискусија.

Има збор Мери Младеновска Ѓирѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Господине потпретседателе, претставник на Владата, колеги пратеници, еве ова што и денес се случува во Парламентот во однос на текот на целата седница, а посебно по оваа точка на дневен ред Измени и дополнување на Законот за кривична постапка уште еднаш по не знам кој пат потврдува дека Владата ниту има знаење, а уште помалку волја да ги спроведува реформите во сферата на правосудството. Зборуваме во целина.

Мислам дека на сите ни е јасно дека не станува збор за поединечно прашање што може да се реши со една седница на Владата или на Собранието со една, две или три точки на дневен ред. Се работи за пакет на прописи кои во минатото беа донесувани во овој Парламент, треба сега да се носат и во иднина ќе се носат, со цел да се заокружат реформите во сферата на

судскиот систем и генерално во правосудството во целина. Токму затоа, уште поголема е одговорноста на Владата, како предлагач на овие акти, што во најголем број се закони, одговорност во смисла на водење на целиот процес што треба да финализира со донесување на закон. Но, напротив, наместо еден сериозен, компетентен, стручен и парламентарен однос на Владата и на парламентарното мнозинство овде, во Парламентот, ние се соочуваме со сосема друго однесување што најмалку наликува на парламентарно однесување што ни дава за право да заклучиме дека навистина, Владата нема намера да ги донесе овие закони. Нема намера да ги донесе Парламентот. Туку единствена причина што ги предлага во Парламентот е да најде изговор дека опозицијата е кочничар на реформските процеси.

Почитувани колеги,

Ако Владата имаше сериозни намери да го комплетира процесот на започнатите судски реформи од претходниот период, тоа ќе го направеше најапред со една сериозна, континуирана и брза работа во однос на Законот за Јавното обвинителство, Законот за Советот на јавни обвинителства и овие закони, ако така постапуваше Владата, до сега ќе беа поминати од дневниот ред на Собранието. Но, ние, сега се соочуваме со денешнава седница, еден апсурд кога Владата нема завршена агенда во однос на двата клучни закони со кои треба да се комплетираат најзначајните реформи од сферата на правосудството, а тоа е Законот за Јавно обвинителство и за Совет на јавни обвинители. Овие точки, како приоритетни да бидат на дневе ред како 12-та и 13-та точка. А, други закони што во меѓувреме се изготвуваат, од надлежност на Министерството за правда да бидат точки 5 и 6.

Навистина, не е само причината тоа што овие закони се носат со двотретинско мнозинство. Тоа значи еден поширок консензус, овде во Парламентот, но самата тежина на овие законски прописи укажува дека Парламентот треба навистина сериозно да дебатира и на комисии, секако и меѓу политичките партии да се постигне политички консензус, за да може во пакет овие закони да бидат изгласани.

Не се работи за закони што меѓусебно се различни од различни сфери или што се исклучуваат. Напротив, се работи за закони што имаат многу одредби меѓусебно поврзани. Токму затоа треба да се утврди прво тој приоритет, таа хиерархија на тие акти, да се почне од посложенте прописи, да се оди надолу за да можат да бидат усогласени. А ние, со ваквиот начин на постапување и од страна на претседателот на Собранието, кој го предлага дневниот ред, од страна на Владата како предлагач, се доведуваме во ситуација овде само на седницата да бидеме напаѓани како опозиција дека не ги подржуваме законите. А, што ќе се случи, еве и да ги подржиме? Ќе подржиме одреден текст, меѓутоа тој текст што сме го подржале има одредби што не се во согласност со одредби од Законот што потоа е на дневен ред.

Навистина, има овде правници, има луѓе во Парламентот кои се занимавале со правото во најразлични сфери, па и во сферата на кривичната материја, за што денеска станува збор и знаат дека законите се меѓусебно поврзани. Мора така да ги гледаме како целина, ако сакаме навистина нивната примена во пракса да даде позитивни резултати. Но, мислам дека не е тоа целта.

Спомнав која е целта на владеачкото мнозинство и на Владата. Во спротивно, тие текстови ќе беа досега усогласени. И, наместо да имеме процес на завршување на реформите со Законот за Јавно обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители, Владата, пред да го заврши овој реформски процес, сега, во образложението на законот за измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка ни наведува стратегија за реформи во кривичното законодавство која што, пред извесен период ја промовираше.

Стратегии се потребни, меѓутоа не можете без да завршите една задача, што во случајов е домашна задача, не само заради усогласеност на прописите со Европската унија, со законодавството на Европската унија и што се потребни за процесот на НАТО интеграцијата, туку и за заштита на слободите и правата на граѓаните во судските постапки. Ние, сега, навлегуваме во некоја друга насока што Владата смета дека евентуално може некој популизам да и донесе и пред граѓаните и овде пред парламентарното мнозинство, па наместо да се заокружат едни реформски процеси, содржани во постојни документи по европско партнерство, во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, сега имаме мешање на приоритетите. И тоа, без хиерархија на актите што треба да се изготвуваат.

Навистина, не гледам причини зошто да се брза со вакви измени и дополнувања на Законот за кривична постапка, затоа што овој закон треба навистина студиозно да се изработи. Имаше, во изминатиов период неколку пати измени и дополнувања што постојано и во иднина треба да се менува заради тоа што се работи за материја подложна на промени, како резултат и на промените и во самата Европската унија и како резултат на усвојувањето нови препораки од страна на органите, институциите во Европската унија и во Советот на Европа. Меѓутоа, ние не смееме да брзаме и да се покажеме пред Европа дека еве, можеби сме меѓу првите земји што ќе прифатат некои препораки, а да не ги завршиме основните прашања за кои што одамна ни истекол рокот за нивно изготвување. Ниту Европа ќе ја убедиме, а уште помалку оние граѓани кои што остваруваат свои слободи и права во судските постапки.

Овој закон предвидува, има одредби, Законот за кривична постапка за ограничување на најзначајните права на граѓаните предвидени во

Уставот, како што се правото на слобода и затоа сметам дека не смее вака, на брзоплет начин да се доставуваат измени и дополнувања и да не кажам со уцени овде во Парламентот да се притиска опозицијата дека мора да гласа за овие измени и дополнувања. Посебно што има многу одредби што, иако тоа не е овде наведено во образложението, бараат сериозни анализи. Во образложението стои дека некои од овие предлози за измени и дополнувања, правени се анализи, дека како резултат на тие анализи еве сега се предлагаат тие измени. Е, па, почитуван претставник на Владата, ако такви анализи се направени и ако тие анализи се доволна аргументација да не убедат дека ова се вистинските промени на законот, тогаш зошто не ни ги доставивте? Зошто тогаш не ги информирате пратениците кои овде треба да гласаат за, против или воздржано по однос на овој законски проект. Тоа ми укажува само дека се користи како изговор. Еве, во текстот е напишано, на Законот, дека се направени анализи, а тие анализи ги немаме. А, дека, понатаму, во иднина ќе се прават сериозни други анализи што во основа ќе сменат многу работо во сферата на кривичната постапка во оснос на Законот за кривична постапка.

Ќе спомнам едно прашање за што сметам дека е навистина многу значајно и заради тоа не треба така бзроплето да се оди со измени и дополнувања на овој закон, без претходно да се усвои законот за Јавно обвинителство, за што долго време се дебатираше во праксата, а Владата, апсолутно не покажа интерес дека, барем не покажа ни најмала желба дека овој закон го смета за приоритетен закон. А, тоа е начелото на опортунитет на кривичното гонење.

Во членовите од 4 до 16 се уредува, со овие измени и дополнувања, се уредува материјата на процесните мерки за заштита на сведоци, со посебен акцент на ранливите категории сведоци и на анонимните сведоци. Наведено е дека откажувањето или непревземањето, гонењето од страна на Јавниот обвинител, со овие одредби е условено со значењето на податоците што ги поседува соработникот на правдата. Законот бара тие да се од битно значење за откривање на кривичните дела и на сторителите.

Е сега, се поставува прашањето, кое е тоа битно значење за откривање на кривични дела? Тука, оваа материја, директно поврзана со надлежностите, одговорностите на јавните обвинители, што секако коинцидира и се поврзува со Законот за Јавото обвинителство.

Токму затоа смета, а тоа е мислење и на останатите колеги од СДС дека за овие закони мора да се разговара во целина за да бидат усогласени одредбите. Што може да се случи? Да се изгласа овој закон или да не се изгласа. Што ќе правиме потоа со Законот за Јавно обвинителство, што е точка 12? Владата дополнително ќе го повлекува, ќе дава амандмани, ќе предлага измени или воопшто нема да знае што да прави? Ова значи дека Владата тоа го посакува, да се создаде впечаток дека се стои на истото место, на иста позиција, а дека Владата тука нема никаква одговорност.

Ако Владата сака да се усогласат овие закони и да се изгласаат со двотретинско мнозинство треба да покаже минимум респект кон сите пратеници во Парламентот, не само од позицијата, туку и спрема пратениците од опозицијата и тоа почнувајќи од расправи во комисиите и секако, пленарна седница. А, не да се соочуваме со постојани навреди од страна и на претставниците на Владата на седници на комисиите, уште повеќе и од пратеници од парламентарното мнозинство, а од друга страна се очекува дека ние, без да кажеме ниту еден збор за законите треба да ги подржим и без да предложиме амандмани.

Па, тоа е улогата на парламентарната демократија. Мислам дека е срамота, навистина, после 17 години работа на Парламентот во Република Македонија, после толку парламентарни состави, сега во овој парламентарен состав треба од почеток да се учиме што е тоа парламентарна демократија. И дека секој од нас овде има свое место, не случајно. Дека стои гласачко тело зад нас и ни дале мандат да дискутираме и да го кажуваме својот глас за одредени законски проекти. А не постојано да бидеме замолчувани.

Но, вие не саката да ги слушнете аргументите, апсолутно. Битно ви е како и да е да си ја остварите својата цел, а во случајот да ја критикувате опозицијата дека не сака да ги гласа законите. Без да дадете еден аргуметн зошто законите треба да бидат изгласани.

Јас, навистина, не знам, еве денеска самата се обидувам да протолкувам која е идејата што Законот за измена и дополнување на Законот за кривична постапка се става како точка 5 на дневниот ред, Закон за Совет на јавни обвинители како 12 точка, а Законот за Јавно обвинителство точка 13, а всушност треба да биде прв на оваа седница. Но, тој предлог ви го одбивте. Ние, постојано, како опозиција бараме да се даде приоритет на законските прописи поврзани со евроинтеграцијата и тие заостанати обврски што вие ги должите, меѓутоа никаков одговор од тоа. Напротив, законите со знаменце се на на долниот дел од дневниот ред на Собранието.

Денеска имавме можност да слушнеме дека министерот за правда не информира во неговото обраќање дека за една минута, од моментот кога тој ни се обрати  во Министерството за правда треба да започне работна средба за двајца експерти од Министерството за правда на Сојузна Република Германија и амбасадорот господин Брет, кој ќе ги придружува во врска со договорите што ги имаат со министерот за правда на Сојузна Република Германија заради експертска стручна помош што треба да пружа итн. Министерот овде сака да не убеди дека времето го мери со минути па никажува дека некои состаноци за реформски

процеси ќе започнат за една минута, а овде, пред Парламентот, пред кој е должен да одговара, не успеа да си ги исполни своите обврски ниту по една година по земањето на мандатот.

Па, видете каков апсурд. Овде, со сета енергија не убедува во Парламентот, пратениците, дека за една минута ќе следи некакво договарање. Ќе беше убаво ако изминатата година во Министерството за правда и во Владата се трошеше времето за реформските процеси и се броеше во минути и во часови, а не како што е сега случај со години.

Но, да биде дрскоста уште поголема, наместо Владата да даде пред јавноста објаснување зошто и една година по превземањето на мандатот не ги заврши клучните закони во сферата на правосудниот систем, тоа се Законот за Јавно обвинителство, ќе повторам уште еднаш и Законот за Советот на јавни обвинители, повторно се повикува дека тоа требало да го направи претходната влада. Ова навистина, не знам, дали на некое друго место може да се случи, освен во составот на оваа Влада на Република Македонија. Значи, потполно отсуство на одговорност.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Младеновска, само да ве потестам на времето, сакам да ве прашам...

**Мери Маладеновска Ѓорѓиевска:** Бидејќи истече времето потпретседателе, не сум завршила, ќе продолжам наредниот пат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Тука ја прекинувам денешнава седница.

Утре продолжуваме со 66-тата седница - пратенички прашања.

Би благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)